# ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на работата на училиштето во учебната 2023/2024 година

Скопје, Август 2024

Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на раководниот и стручниот кадар, како и на стручните органи и тела, педагошката евиденција и документација, статистичките извештаи и прегледи, анализи и информации, ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје изготви

# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на работата на училиштето во учебната 2023/2024 година

Целта на Годишниот извештај е да ги сумира и објективно да ги анализира ефектите од работата на училиштето во учебната 2023/2024 година и да биде појдовна основа за поуспешно планирање на работата во училиштето во наредната учебна година.

ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје е воспитно-образовна установа во која се школуваат ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето е државна установа и опфаќа ученици од градот Скопје и од другите општини во Република Северна Македонија.

## СОДРЖИНА:

I. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО ..... 1
**1.1. Местоположба на училиштето ..... 1**
**1.2. Просторни услови и опременост на училиштето ..... 1**
**1.3. Наставно-воспитен и стручен кадар ..... 2**
**- Актив на наставници по теоретска настава ..... 3**
**- Актив на наставници по практична настава ..... 4**
**- Актив на воспитувачи ..... 5**
**- Стручна служба ..... 5**
**1.4. Совет на родители ..... 9**
**1.5. Ученици ..... 10**
**- Образовни профили и опфат на ученици ..... 10**
**- Сеопшта грижа за учениците ..... 11**
**- Ученички стандард ..... 12**
II. ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА ..... 13
III. ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНО-ВОСПИТНАТА РАБОТА ..... 21
**3.1. Настава ..... 21**
**3.2. Воннаставна воспитно-образовна работа ..... 22**
**- Екскурзии во училиштето ..... 45**
**- Унапредување на здравјето на учениците ..... 45**
**- Следење на безбедноста на учениците ..... 46**
**- Правила на работење и однесување во училиштето ..... 47**
IV. СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ..... 47
**4.1. Професионален развој на наставно-воспитниот кадар ..... 47**
**4.2. Следење на работата на наставно-воспитниот кадар и стручната служба ..... 50**
**4.3. Следење и вреднување на постигнувањата на учениците ..... 50**
**4.4. Стручни тела во училиштето ..... 51**
V. СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТЕТО ..... 52
**5.1. Соработка со семејството ..... 52**
**5.2. Надворешна соработка ..... 53**
VI. УЧИЛИШТЕН МАРКЕТИНГ ..... 56
VII. РАКОВОДЕН ОРГАН И ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ ..... 59
**7.1. Директор ..... 59**
**7.2. Помошник директор ..... 60**
**7.3. Училиштен одбор ..... 61**
VIII. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ за работата и постигнатите резултати од учебната 2023/2024

година ..... 62
IX. ИЗВЕШТАЈ – ВТОРА ГОДИНА ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО 2022-2026 ГОДИНА ..... 68
X. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 72
XI. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ ЗА НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА ..... 72
XII. ПРИЛОЗИ ..... 73
**СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА ..... 74**

# I. УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

## 1.1. Местоположба на училиштето

Училиштето се наоѓа на територијата на општина Центар во населбата Капиштец, на ул. „Васил Ѓоргов“, бр. 47-б во Скопје.

## 1.2. Просторни услови и опременост на училиштето

Училиштето работи во зграда изградена во 1970 год. Во истата зграда се сместени работните простории на училиштето и ученички дом.

Бројот на паралелки и обемот на работа, воглавно соодветствува на бројот на работните простории (училници и работилници за изведување теоретска и практична настава, фискултурна сала и простории за раководен, стручен, наставен и воспитен кадар), кои се во целост искористени.

Училиштето располага со:

- 11 училници за теоретска настава;
- 8 работилници за практична настава;
- 1 сала за спорт и спортски активности;
- 2 соблекувални;
- 1 библиотека со сала за состаноци;
- 1 наставничка канцеларија;
- 1 Центар за кариерен развој;
- 10 канцеларии и кабинети на стручната служба за третман и советодавна работа со учениците;
- 1 просторија за родители;
- 5 простории со санитарни јазли од кои два се адаптирани за ученици со мултихендикеп;
- 2 магацини;
- 1 перална.

Ученичкиот дом располага со:

- 1 кујна;
- 1 трпезарија;
- 1 занимална;

- 22 соби;
- 1 канцеларија за воспитувачи;
- 1 просторија за помошно-технички кадар;
- 3 простории со санитарни јазли;
- 1 магацин.

Со пренамена на магацинскиот простор до спортската сала за првпат во училиштето се направија 2 соблекувални со што значително се подобри реализација на наставата по спорт и спортски активности.

За реализирање на наставата за занимањето Помошник готвач од угостителско-туристичката струка недостасува уште една просторија за настава.

## 1.3. Наставно-воспитен и стручен кадар

Во училиштето има вкупно 54 вработени, од кои воспитно-образовната дејност ја реализираа 31 наставник по теоретска и практична настава (од кои четворица наставници во дисперзираните паралелки во Битола), 5 воспитувачи во ученичкиот дом, психолог, 3 дефектолози, социјален работник, помошник-директор и директор на училиштето.

Образовната структура на наставно-воспитниот кадар и стручната служба беше следна: 3 магистри, 32 вработени со високо образование, 1 вработен со више образование, 5 вработени со специјалистичко образование. Од вкупниот број вработени (наставници, воспитувачи и стручна служба) 31 се на неопределено време, а 10 се на определено време. Во оваа учебна година имаше 2 трансформации на работниот однос.

Сите наставни предмети беа застапени според плановите и програмите на струките и занимањата што се изучуваат во училиштето. Фондот на наставни часови беше 20 часа за теоретска, 30 часа за практична настава и класен час.

Во учебната година имаше целосна кадровска екипираност, што придонесе за успешна реализација на поставените воспитно-образовни барања во училиштето.

Во текот на учебната година, поради оправдано отсуство на некои наставници, се правеа навремени замени од страна на слободни наставници или паралелката се комбинираше со соодветна паралелка по даден предмет, според распоредот на часови.

Од страна на сите наставници беа изработени и предадени годишни глобални и тематски распределенија.

Во текот на годината наставниците изработуваа дневна подготовка за наставните часови по сите наставни предмети. Наставната програма беше реализирана по сите наставни предмети.

Во текот на учебната година наставата се реализираше со физичко присуство а дополнително се користеа и средствата за електронска комуникација (социјалните мрежи - фејсбук, месинџер, вибер и електронска пошта) на барање на родителите како дополнителна поддршка на воспитно-образовниот процес.

Наставата во училиштето е специфична и се карактеризира со конкретност и индивидуализиран пристап, во зависност од способностите и можностите на учениците, со постојано повторување и увежбување на стекнатите знаења, навики и вештини.

Наставно-воспитниот кадар и стручната служба ги почитуваа личноста и емоциите на ученикот, водеа грижа за нивниот индивидуален развој, земајќи ги во предвид психо-физичките и интелектуалните можности и способности. Оценувањето беше во согласност со дадените насоки во адаптираните програми за ученици со посебни образовни потреби, односно прилагодено според способностите на учениците и нивната целокупна активност.

Покрај индивидуалната работа со учениците и нивните родители, наставно-воспитниот кадар беше ангажиран и во тимска работа. Во училиштето функционираа следните тимови: Актив на наставници по теоретска настава, Актив на наставници по практична настава и Актив на воспитувачи и Стручна служба. Стручната служба и активите работеа плански и во зависност од итноста на појавените потреби.

**- Актив на наставници по теоретска настава**

Активот на наставници по теоретска настава во текот на учебната2023/2024 година одржа неколку работни состаноци на кои се разгледуваа тековните проблеми и прашања. На овие состаноци ставен е акцент на следните актуелни прашања:

- Разгледување на наставните планови и програми по теоретска настава и нивна реализација;
- Следење на успехот, редовноста и поведението на учениците во текот на учебната 2023/2024 година;
- Примена на ИКТ во наставата;
- Развивање на еко-свест кај учениците;
- Размена на искуства и информации за методите кои се користат во наставата со поттикнување и мотивирање на учениците;
- Подобрување на социјалните вештини и знаења и зголемување на

можностите за вработување на учениците;

- Навремено изрекување на педагошки мерки;
- Потреба од континуирано обезбедување на нагледни средства за поуспешна и поквалитетна настава;
- Потреба од промена на одредени тематски целини од годишната програма;
- Реализација на наставната програма по теоретска настава и соработка со наставниците од практична настава.

Оваа учебна година претседател беше Дејан Марковиќ, а записничар Лилјана Вуевска.

Целта на Активот на наставници по теоретска настава е подобрување на квалитетот на наставата, следење на реформите во образованието и одржување на позитивна клима во работата. За таа цел воспоставува континуирана соработка со Активот на наставници по практична настава, Активот на воспитувачи и со Стручната служба.

**- Актив на наставници по практична настава**

Активот на наставници по практична настава, во текот на учебната 2023/2024 година одржа работни состаноци на кои се разгледуваа тековните проблеми и прашања. На овие состаноци ставен е акцент на следните прашања:

- Следење на успехот, редовноста и поведението на учениците во текот на учебната 2023/2024 година;
- Разгледување на годишните програми и планови за работа со можност за поголема флексибилност и креативност во изработката и нејзина успешна реализација и имплементација;
- Континуирано обезбедување на наставни средства и помагала за поуспешна и квалитетна реализација на часовите по практична настава;
- Размена на искуства и информации за методите кои се користат во наставата за подобрување на вештините за работа на учениците;
- Реализација на наставната програма по практична настава и соработка со наставниците по теоретска настава.

Оваа учебна година за претседател беше избран Сашо Тодоровиќ, а записничар Симон Рафајловски.

За успешна реализација на наставата, во текот на учебната 2023/2024

година беше набавен голем дел од предвидените наставни средства и помагала, но останува потребата од нивно понатамошно континуирано обезбедување за сите струки и занимања.

**- Актив на воспитувачи**

Активот на воспитувачи учебната 2023/2024 година ја започна со редовен состанок на кој акцент му се даде на осмислување и планирање на годишниот план и програма за работа.

Покрај редовните состаноци, во текот на овој период се реализираа и вонредни состаноци со класните раководители на учениците сместени во ученичкиот дом, директорот и стручната служба. Во текот на оваа учебна година Активот на воспитувачи:

- ја организираше воспитната работа во Ученичкиот дом преку воспитни групи;
- во соработка со стручната служба даваше свои предлози ставови и размислувања по однос на организирање на работата во Ученичкиот дом и училиштето;
- реализираше активности со цел да им се излезе во пресрет на индивидуалните и групните потреби на учениците;
- ги реализираше планираните активности кои произлегуваат од Годишната програма за работа како и активностите кои произлегуваат од програмата „Здравје“;
- придонесе за унапредување на воспитно-образовната работа;
- континуирано соработуваше со стручната служба;
- го разгледуваше успехот и поведението на учениците од своите воспитни групи;
- спроведуваше перманентна анализа на работата и постигнатите резултати на учениците;
- контуирано соработуваше со родителите, поширока социо- културна средина, институции, невладини организации, приватни фирми и поединци.

**- Стручна служба**

Во текот на учебната 2023/2024 година членовите на стручната служба: психолог, дефектолози и социјален работник реализираа активности

согласно индивидуалните програми за работа и работеа самостојно и во соработка со стручниот тим на предизвици и задачи од поширок интерес за учениците и училиштето. Преку целата учебна година стручната служба заеднички работеше на унапредување на психо-физичкиот и социјалниот живот на учениците истакнувајќи ја важноста на почитувањето на различностите, правата на лицата со попреченост, недискриминација, ненасилство, социјална правда, интеграција и социјализација. Редовно беше присутна на семинари, работилници и обуки во насока на зајакнување на сопствените капацитети за унапредување на менталното здравје кај учениците и вработените во училиштето.

Стручната служба активно беше вклучена во промовирањето и презентацијата на струките и занимањата во нашето училиште со цел приближување до компетенциите со коишто би се стекнале учениците по завршувањето во одредена струка. За таа цел реализираше посети и го презентираше училиштето во ОУРЦ и во останатите основни училишта во Градот и Републиката. Во месец мај стручната служба спроведе индивидуални активности (разговори со подготовки за вработување, градење на самодовербата кај учениците и нивно лично претставување со фокусирање кон нивните потенцијали и способности пред потенцијалните работодавачи). Стручната служба се залагаше за превенција и заштита на децата од секаков вид на злоупотреба и занемарување.

Во текот на учебната година беа изготвени и реализирани работилници за:

- ненасилно однесување и поттикнување на пријателство помеѓу учениците;
- емоционално описменување на учениците;
- родители (развивање на нови вештини кај родителите);
- унапредување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и вработените во училиштето со давање насоки за справување за време на кризни состојби.

Стручната служба активно ги вклучуваше учениците во разновидни работилници, проекти (Еразмус+ и интерни) и активности реализирани од разновидни НВО и здруженија на граѓани. Во текот на целата учебна година работните задачи ги реализираа во просториите на училиштето. Изработија и споделија материјали, презентации и работилници во делокруг на својата стручност и ги споделија со учениците и родителите.

**Психологот** во текот на учебната 2023/2024 година успешно ги реализираше планираните активности. Водеше психолошка евиденција и

документација за сите ученици во училиштето и изготвуваше психолошки досиеја за секој ученик посебно. Активно беше вклучен во поддршка на учениците, наставниците и родителите за реализација на наставата и грижа за нивното ментално здравје со конкретни насоки на постапување во соодветната ситуација. Работеше индивидуално и групно советување со учениците со цел давање поддршка во процесот на развој, при одредени лични емотивни проблеми и проблеми во однесувањето, а на учениците од прва година им помагаше во процесот на адаптација во новата средина. Придонесе за максимално активирање и напредување на учениците според нивните можности и способности, а со тоа и унапредување на воспитно – образовната дејност. Реализираше индивидуална и групна советодавно - консултативно инструктивна работа со родители/старатели. Изготви работилници со цел емоционално описменување и психосоцијална поддршка на учениците. Учествуваше во креирањето и водењето на работилниците за родители во насока на јакнење на нивните капацитети во работата со нивните деца. Во соработка со останатите членови на стручна служба, психологот реализираше психолошка работилница на тема: „Стрес и техники за справување со стрес“ со цел грижа и унапредување на менталното здравје на родителите.

Во месец ноември 2023 година ја следеше и насочуваше теоретската и практичната настава во училиштето преку посети на часови во присуство на директор, притоа водеше документација и консултативни разговори со наставниците и им даваше континуирана поддршка. Соработуваше со наставниците и останатите членови на стручна служба во превенцијата и заштитата на децата од секаков вид на злоупотреба и занемарување. Во ноември-декември присуствуваше на серија работилници на тема: „Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство“ од страна на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Активно придонесе за подобрување на услугите за ментално здравје и психосоцијална поддршка во образовниот систем. Континуирано, посетуваше обуки за професионален развој и придонесуваше во разни здруженија и акции за подигнување на свеста за менталното здравје каде беше иницијатор за потенцирање на важноста на улогата на психолозите во училиштата и даде свој придонес во реализација на проекти од НВО и Здруженија на граѓани кои придонесоа со корисни алатки за работа со млади лица. Учествуваше во истражување во рамки на проектот „ХОЛД ОН: Олеснување на пристапот до поддршка за ментално здравје кај младите“ реализиран од страна на КМОП, а во рамки на проектот „Зелена инклузивност“ од Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Центар учествуваше во организација на активностите и нивно спроведување во училиштето со цел зголемување

на вработливоста на лицата со посебни образовни потреби. Преку употреба на психолошки методи, техники и инструменти реализираше професионално информирање и насочување на желбите и интересите на учениците и нивните родители во сооднос со способностите и потенцијалите на учениците за нивна реализација.

Соработуваше со координаторите и учесниците во проектот Let's get G.R.E.E.N во подготовка на финален извештај и целокупната потребна документација позврзана со проектот.

Во периодот од 11-12.11.2023 година учествуваше на првиот Конгрес на психолози на тема: „Современите трендови во психологијата", а од 03-05.06.2024 година учествуваше на Меѓународната конференција 50 години Институт за психологија.

Психологот активно беше вклучен во работата на Активот на стручни служби на средните училишта на Град Скопје.

Преку употреба на психолошки методи, техники и инструменти реализираше професионално информирање и насочување на желбите и интересите на учениците и нивните родители во сооднос со способностите и потенцијалите на учениците за нивна реализација. Во текот на целата учебна 2023/2024 година, психологот беше посветен на градење на позитивни релации помеѓу учениците, како и зајакнување и унапредување на релацијата наставник – родител – ученик – стручна служба.

**Дефектологот** во текот на првото полугодие во учебната 2023/2024 година реализираше активности и задачи во рамките на своите стручни компетенции. Првенствено работеше на следење на развојот на учениците, при што вршеше дефектолошка дијагностика, континуирано работеше индивидуално и групно со учениците од сите три години, формираше дефектолошки досиеја за учениците од прва година и ги дополнуваше досиејата на учениците од втора и трета година.

Во текот на учебната година дефектолозите ја следеа и насочуваа теоретската и практичната настава во училиштето преку посети на часови во присуство на директор, за кои водеа документација и консултативни разговори со наставниците и им даваа континуирана поддршка. Дефектолозите реализираа индивидуална и групна работа со учениците и консултации со родителите/старателите. Активно учествуваа во работилници, јавни настани, вонnаставни, еко, МИО и спортски активности. Реализираа активности согласно програмата за грижа за здравјето на учениците. Континуирано спроведуваа индивидуални советодавни разговори со учениците. Во соработка со психологот на училиштето реализираа и учествуваа во работилници за емоционално описменување и во едукативни работилници за родители во соработка со стручната служба на училиштето. Реализираа работилница на тема „Како правилно да се однесуваме едни со други?".

Посетија обука на тема „Превенција на врсничко насилство во

училишта – психосоцијална поддршка и работа со момчиња во криза“. Присуствуваа на завршен настан за презентација на Еразмус+ проектот „Поддршка на инклузивната училишна средина преку најдобри практики на ко-наставата и ресурсните центри“. Континуирано соработуваа со стручни соработници од други училишта, здравствени институции, невладини организации, со членови на Активот на стручни соработници на средни училишта на ниво на град Скопје, со Црвен крст на општина Центар и други.

Реализираа целни средби и разговори со ученици, родители и стручни служби од редовните основни училишта и основните училишта со ресурсен центар.

Учествуваа во Комисија за прием на документи при упис на ученици во I година во формирање на паралелки и распределба на ученици по струки и занимања.

Дефектолозите учествуваа во училишните тимови со цел изработка на дел од подрачјата за Самоевалуација на училиштето, како и во тимови за изработка на Годишната програма на училиштето.

Во текот на целата учебна година водеа лична евиденција и документација со која го следеа успехот, редовноста и поведението на учениците по паралелки, пол и етничка припадност.

**Социјалниот работник** ги извршуваше работните задачи утврдени со Правилникот за систематизација на работите и работните задачи во училиштето. Придонесуваше во превенцијата на социјалните проблеми кај учениците и нивните семејства, реализираше индивидуална и групна социјална работа со ученици кои манифестирааа социјално однесување и психо-социјални отстапувања. Континуирано пружаше помош и поддршка на родителите/старателите и на учениците со цел остварување на нивните социјални права, пружаше помош и поддршка при пополнување апликација и прибирање на потребни документи за остварување стипендија за ученици со посебни образовни потреби.

Континуирано контактираше со стручните служби при Центрите за социјална работа од цела држава, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, МОН, МТСП, ЈСП и др. Реализираше работилници во соработка со стручната служба и активности согласно програмата за грижа за здравје на учениците.

Учествуваше во презентирање на училиштето во основните училишта и ресурсните центри во градот и пошироко во функција на уписната стратегија на училиштето. Водеше соодветна евиденција и документација за сите ученици во училиштето.

## 1.4. Совет на родители

Советот на родители го сочинуваше по еден претставник од секоја паралелка. Во учебната 2023/2024 година Советот на родители ги

реализираше следните активности:

- Го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците и предлагаше мерки за нивно подобрување;
- Соработуваше со наставно-воспитниот кадар и стручните соработници;
- Учествуваше во реализацијата на општествено-корисните и хуманитарните работи во училиштето и ученичкиот дом.

## 1.5. Ученици

Во учебната 2023/2024 година во училиштето наставно-воспитната работа започнаа да ја следат 144 ученици со различна родова, национална и социјална припадност распоредени во 27 паралелки (од кои три дисперзирани паралелки во Битола). Во текот на учебната година двајца ученици самоволно го прекинаа образованието во нашето училиште. На крајот од учебната година завршија 142 ученици од кои 55 ученици во прва година, 53 ученици во втора година и 34 ученици во трета година.

Во ученичкиот дом на почетокот беа сместени 21 ученик распореден во 5 воспитни групи, а на крајот од учебната година останаа 20 ученици.

Наставата во текот на годината се изведуваше во една смена предпладне а попладне се реализираше воспитна работа со учениците од ученичкиот дом.

- **Образовни профили и опфат на ученици**

Учениците во учебната 2023/2024 година беа професионално ориентирани и се образуваа за следните струки и занимања:

| | Профил | I година | II година | III година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Графичка струка | | | | |
| | Послужувач на графички машини | 6 | 6 | 4 | 16 |
| | Помошник книгоповрзувач-картонажер | 6 | 8 | 5 | 19 |
| | Помошник нигоповрзувач-картонажер во дисперзирана паралелка во Битола | 5 | 4 | 5 | 14 |
| | Помошник книгоповрзувач-картонажер – РО | / | / | / | / |
| 2 | Машинска струка | | | | |
| | Помошник бравар-лимар | 6 | 4 | 3 | 13 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Помошник автомеханичар | 6 | 5 | 3 | 14 |
| 3 | Текстилна струка | | | | |
| | Помошник конфекционер | 7 | 7 | 4 | 18 |
| 4 | Електротехничка струка | | | | |
| | Помошник електромеханичар | 6 | 7 | 3 | 16 |
| 5 | Градежна струка | | | | |
| | Помошник молеро-лакер | 7 | 5 | 3 | 15 |
| 6 | Угостителско-туристичка струка | | | | |
| | Помошник готвач | 6 | 7 | 4 | 17 |
| Вкупно | | 55 | 53 | 34 | 142 |

Во текот на на учебната година во 21 паралелка наставата се реализираше според наставните програми согласно реформираното средно стручно образование (од кои три дисперзирани паралелки во Битола), а во 6 паралелки наставата се реализираше според класичната програма.

Во текот на учебната 2023/2024 година направени се вкупно 1400 изостаноци од кои 1398 се оправдани, а 2 неоправдани. Оправданите изостаноци се направени најчесто поради болест, чести здравствени контроли како и престој во здравствени установи. Неоправданото отсуство е резултат на доцнење на настава и недоаѓање во училиште на 2 ученици во прва година. За учениците кои во текот на годината не ги почитуваа правилата на однесување во училиштето и ученичкиот дом беа преземени благовремени мерки преку постојани разговори и укажувања од страна на раководителите на паралелките, предметните наставници, членовите на стручната служба, воспитувачите и директорот на училиштето.

Сите ученици се со примерно поведение и позитивно оценети по сите предмети. Педагошка мерка не е изречена за ниту еден ученик.

Во завршната година со Уверение за стручно оспособување се стекнаа 34 ученици за втор степен во траење од три години.

- **Сеопшта грижа за учениците**

Учениците се најважниот субјект во образовните институции и за нивно квалитетно образование, социјализација и здрав психо-физички развој во училиштето се вложуваа посебни напори:

- без оглед на родовата и етничката припадност, учениците беа вклучени во сите форми на наставните и вонаставните активности, со цел да постигнат подобар успех и поуспешно да се вклопат во социјалната средина;

- беа осознаени индивидуалните можности и способности на учениците (интелектуални, психо-физички, емоционални, социјални и др.);
- беше следена динамиката на осипување на учениците, се анализираа причините и навремено се преземаа соодветни мерки во соработка со родителите;
- се водеше грижа за безбедноста на учениците и заштита на учениците од различни родови или етнички несогласувања во училиштето и ученичкиот дом;
- се воспитуваа учениците да го унапредат квалитетот на сопственото живеење и одржување на личната и општата хигиена;
- се стекнуваа и развиваа трајни навики кај учениците за здрава исхрана и физички активности во секојдневниот живот.

**- Ученички стандард**

Грижата за подобрување на ученичкиот стандард беше една од битните обележја на училиштето. Дел на учениците кои се образуваат во нашето училиште потекнуваат од социјално загрозени семејства, родителите се невработени или се корисници на социјална помош.

Училиштето ги советуваше родителите на нашите ученици, на кој начин и во кои институции да бараат помош, за да можат да обезбедат основни услови за егзистенција, воспитување и образование на своите деца.

Училиштето помагаше:

- со запишување на учениците без партиципација;
- со бесплатно осигурување на учениците;
- на учениците од прва, втора и трета година кои ги исполнуваа условите, преку Министерството за образование и наука да добијат стипендија;
- во реализација на спортските активности и настани надвор од Скопје;
- со организација на бесплатни посети на изложби и театарски претстави;
- со изработка на бесплатно табло и слики за матурантите;
- со организација на матурска забава која се одржа во гостилница „Лира“ во Скопје;

- обезбеdи материјални средства за ужинки за учениците кои не престојуваат во ученичкиот дом, во текот на целата учебна година;
- Со подготовка и електронско испраќање на документацијата до МОН за добивање финансиска поддршка за учениците од основните и средните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари

Министерството за образование и наука обезбеди бесплатен превоз за сите ученици запишани во училиштето и партиципираше за престој, исхрана и превоз на учениците во ученичкиот дом.

## II. ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Учебната година започна со сите претходно организирани материјално-технички, организационо-оперативни и кадровски подготовки во училиштето и ученичкиот дом:

- Беше изготвена Годишна програма за работа на училиштето
- Беше направена распределба на учениците по класови, односно струки и занимања

| | П р о ф и л | Паралелки | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Графичка струка | | | | |
| | Послужувач на графички машини | I-1 | II-1 | III-1 | 3 |
| | Помошник книгоповрзувач-картонажер | I-2 | II-2 | III-2 | 3 |
| | Помошник книгоповрзувач-картонажер – РО | / | / | / | / |
| 2 | Машинска струка | | | | |
| | Помошник бравар-лимар | I-3 | II-3 | III-3 | 3 |
| | Помошник автомеханичар | I-4 | II-4 | III-4 | 3 |
| 3 | Текстилна струка | | | | |
| | Помошник конфекционер | I-5 | II-5 | III-5 | 3 |
| 4 | Електротехничка струка | | | | |
| | Помошник електромеханичар | I-6 | II-6 | III-6 | 3 |
| 5 | Градежна струка | | | | |
| | Помошник молеро-лакер | I-7 | II-7 | III-7 | 3 |
| 6 | Угостителска струка | | | | |
| | Помошник готвач | I-8 | II-8 | III-8 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 8 | 8 | 8 | 24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Графичка струка | | | | |
| | Помошник книгоповрзувач-картонажер во дисперзирана паралелка во Битола | I-9 | II-9 | III-9 | 3 |

- Беше направен распоред на часови за наставниот кадар, распоред на часовите за учениците и распоред за дежурни наставници
- Беше направена распределба за број на часови по теоретската и практична настава во училиштето

| | НАСТАВА | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Теоретска настава (општо образование и задолжителни активности) | 68 | 64 | 44 | 176 |
| 2 | Теоретска настава (стручно образование) | 47 | 40 | 22 | 109 |
| 3 | Практична настава | 76 | 103 | 139 | 318 |
| 4 | Слободни часови | 2 | 2 | 2 | 6 |
| | Вкупно | 193 | 209 | 207 | 609 |

| Теоретска настава - општо образование и задолжителни активности | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Наставни предмети | I | II | III | Вкупно |
| 1 | Македонски јазик и литература | 8x3=24; / | 8x2=16 | 8x2=16 | 56 |
| 2 | Математика | 8x2=16 | 8x2=16 | / | 32 |
| 3 | Граѓанско образование | / | 6x2=12 | 6x2=12 | 24 |
| 4 | Образование за демократско граѓанство и човекови права | / | / | / | 0 |
| 5 | Мир, толеранција и заштита | / | 2x2=4 | / | 4 |
| 6 | Спорт и спортски активности | 8x2=16 | 8x2=16 | 8x2=16 | 48 |
| 7 | Ликовна уметност | 6x1=6 | / | / | 6 |
| 8 | Музичка уметност | 6x1=6 | / | / | 6 |
| | Вкупно | 68 | 64 | 44 | 176 |

| Теоретска настава - стручно образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр | Струка | I | II | III | Вкупно |
| 1 | Графичка | 9 | 7 | 5 | 21 |
| 2 | Машинска | 12 | 14 | 6 | 32 |
| 3 | Текстилна | 7 | 4 | 3 | 14 |
| 4 | Електротехничка | 4 | 4 | 2 | 10 |
| 5 | Градежна | 8 | 5 | 3 | 16 |
| 6 | Угостителско – туристичка | 7 | 6 | 3 | 16 |
| | Вкупно | 47 | 40 | 22 | 109 |

| Практична настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр | Струка | I | II | III | Вкупно |
| 1 | Графичка | 24 | 29 | 36 | 89 |
| 2 | Машинска | 18 | 20 | 34 | 72 |
| 3 | Текстилна | 8 | 13 | 17 | 38 |
| 4 | Електротехничка | 10 | 15 | 18 | 43 |
| 5 | Градежна | 8 | 13 | 17 | 38 |
| 6 | Угостителско – туристичка | 8 | 13 | 17 | 38 |
| | Вкупно | 76 | 103 | 139 | 318 |

Дисперзирани паралелки во Битола

| Бр | Наставни предмети | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Општо образование | | | | |
| | Македонски јазик и литература | 3 | 2 | 2 | 7 |
| | Математика | 2 | 2 | / | 4 |
| | Граѓанско образование | / | 2 | 2 | 4 |
| 2 | Стручно образование | | | | |
| | Технологија на графичко производство | 3 | / | / | 3 |
| | Графички материјали | 2 | 2 | / | 4 |
| | Технологија на книгоповрзување и картонажерство | / | 2 | 3 | 5 |
| 3 | Практична настава | | | | |
| | Практична настава | 14 | 14 | 18 | 46 |
| 4 | Задолжителни активности | | | | |
| | Спорт и спортски активности | 2 | 2 | 2 | 6 |
| | Музичка уметност | 1 | / | / | 1 |
| | Ликовна уметност | 1 | / | / | 1 |
| | Вкупно | 28 | 26 | 27 | 81 |

- Беше направена распределба за број на часови по наставни предмети од стручно образование и практична настава за сите струки и занимања

| 1 | Графичка струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Послужувач на графички машини | | | | |
| | Технологија на работењето | 2 | 3 | 2 | 7 |
| | Графички материјали | 2 | / | / | 2 |
| | Практична настава | 10 | 15 | 18 | 43 |
| 1.2 | Помошник книгоповрзувач-картонажер | | | | |
| | Технологија на графичко производство | 3 | / | / | 3 |
| | Графички материјали | 2 | 2 | / | 4 |
| | Технологија на на книгоповрзување и картонажерство | / | 2 | 3 | 5 |
| | Практична настава | 14 | 14 | 18 | 46 |
| 1.3 | РО во графичка струка | | | | |
| | Практична настава | / | / | / | 0 |
| 1.4 | Графичка струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 9 | 7 | 5 | 21 |
| | Практична настава | 24 | 29 | 36 | 89 |

| 2 | Машинска струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Помошник бравар-лимар | | | | |
| | Технологија на обработка | 3 | 3 | / | 6 |
| | Машинински елементи со техничко цртање | 3 | 2 | / | 5 |
| | Технологија на лимарство | / | 2 | 3 | 5 |
| | Практична настава | 9 | 10 | 17 | 36 |
| 2.2 | Помошник автомеханичар | | | | |
| | Технологија на обработката | 3 | 3 | / | 6 |
| | Машински елементи со техничко цртање | 3 | 2 | / | 5 |
| | Мотори и моторни возила | / | 2 | 3 | 5 |
| | Практична настава | 9 | 10 | 17 | 36 |
| 2.3 | Машинска струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 12 | 14 | 6 | 32 |
| | Практична настава | 18 | 20 | 34 | 72 |

| 3 | Текстилна струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Помошник конфекционер | | | | |
| | Технологија на текстилот | 4 | / | / | 4 |
| | Текстилни суровини | 3 | 2 | / | 5 |
| | Технологија на конфекционирање | / | 2 | 3 | 5 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |
| 3.2 | Текстилна струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 7 | 4 | 3 | 14 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |

| 4 | Електротехничка струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Помошник електромеханичар | | | | |
| | Основи на електротехника и мерење | 2 | 2 | / | 4 |
| | Електротехнички материјали | 2 | / | / | 2 |
| | Електрични машини и уреди | / | 2 | 2 | 4 |
| | Практична настава | 10 | 15 | 18 | 43 |
| 4.2 | Електротехничка струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 4 | 4 | 2 | 10 |
| | Практична настава | 10 | 15 | 18 | 43 |

| 5 | Градежна струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Помошник молеро-лакер | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Основи на градежништво | 4 | 2 | / | 6 |
| | Градежни материјали | 4 | / | / | 4 |
| | Технологија на работењето | / | 3 | 3 | 6 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |
| 5.2 | Градежна струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 8 | 5 | 3 | 16 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |

| 6 | Угостителско-туристичка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.1 | Помошник готвач | | | | |
| | Хигиена | 2 | / | / | 2 |
| | Познавање на стоки | 3 | / | / | 3 |
| | Технологија на работа во кујна | 2 | 3 | 3 | 8 |
| | Основи на угостителство и туризам | / | 3 | / | 3 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |
| 6.2 | Угостителско-туристичка | | | | |
| | Теоретска настава | 7 | 6 | 3 | 16 |
| | Практична настава | 8 | 13 | 17 | 38 |

Дисперзирани паралелки во Битола

| 1 | Графичка струка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Помошник книгоповрзувач-картонажерт | | | | |
| | Технологија на графичко производство | 3 | / | / | 3 |
| | Графички материјали | 2 | 2 | / | 4 |
| | Технологија на на книгоповрзување и картонажерство | / | 2 | 3 | 5 |
| | Практична настава | 14 | 14 | 18 | 46 |
| 1.2 | Графичка струка – вкупно | | | | |
| | Теоретска настава | 5 | 4 | 3 | 12 |
| | Пактична настава | 14 | 14 | 18 | 46 |

- Беше извршена распределба за ангажираност на наставниците со неделен фонд на часови за учебната година и класни раководства

| | Име и презиме | Бр. на часови теорет. настава | Бр. на часови практич настава | Вку по часови | Класен час |
|---|---|---|---|---|---|
| | Македонски јазик и литература | | | | |
| 1 | Жана Божиновска | 20 | | 20 | III-7 |
| 2 | Бранка Бошкова | 16+2+3 | | 21 | I-5 |
| 3 | Живко Јаневски | 20 | | 20 | III-2 |
| | Математика | | | | |
| 4 | Ренета Попоска | 20 | | 20 | II-1 |
| 5 | Дафинка Соколоска | 12+2 | | 14 | II-6 |
| | Спорт и спортски активности | | | | |
| 6 | Станислав Мирчевски | 24 | | 24 | I-3 |
| 7 | Лела Франговска | 24 | | 24 | III-4 |
| | Мир, толеранција и заштита | | | | |
| 8 | | 6 | | 6 | |
| | Музичка уметност | | | | |
| 9 | Илче Младеновски | 6 | | 6 | |
| | Ликовна уметност | | | | |
| 10 | Катерина Ристовски Сушелска | 6 | | 6 | |
| | Граѓанско образование | | | | |
| 11 | Анѓелка Пандиловка | 22 | | 22 | II-8 |
| | Графичка струка | | | | |
| 12 | Јордан Стојановски | 21 | | 21 | II-2 |
| 13 | Сашо Тодоровиќ | | 30 | 30 | I-1 |
| 14 | Симон Рафајловски | | 30 | 30 | I-2 |
| 15 | Георги Котевски | 2 | 29 | 31 | III-1 |
| | Машинска струка | | | | |
| 16 | Дејан Марковиќ | 20 | | 20 | II-4 |
| 17 | Лилјана Вуевска | 12 | | 12 | II-7 |
| 18 | Борјан Стојановски | | 30 | 30 | I-3 |
| 19 | Блаже Џикоски | | 27 | 27 | II-3 |
| 20 | Јовица Николовски | | 15 | 15 | I-4 |
| | Текстилна струка | | | | |
| 21 | Розе Стојановска | 14 | 8 | 22 | II-5 |
| 22 | Менда Михајловска | | 30 | 30 | III-5 |
| | Електротехничка струка | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Александар Вељановски | 10 | 13 | 23 | I-6 |
| 24 | Геле Донаков | | 30 | 30 | III-6 |
| | Градежна струка | | | | |
| 25 | Кирил Димески | 16 | 8 | 24 | I-7 |
| 26 | | | 30 | 30 | |
| | Угостителско-туристичка струка | | | | |
| 27 | Александар Пановски | 14 | 8 | 22 | I-8 |
| 28 | Небојша Новакоски | | 30 | 30 | III-8 |
| 29 | | 2 | | 2 | |
| | Вкупно | 294 | 318 | 612 | 24 |

Дисперзирани паралелки во Битола

| | Име и презиме | Бр. на часови теоретска настава | Бр.на часови практична настава | Вкупн6 о часови | Класен час |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елизабета Јончиќ | 7 | | 7 | |
| 2 | Биљана Стевановска | 4 | | 4 | |
| 3 | Николина Главевска | 6 | | 6 | II-9 |
| 4 | Владко Симоновски | 1 | | 1 | |
| 5 | Билјана Петровска Исијанин | 1 | | 1 | |
| 6 | Весна М. Трајковска | 4 | | 4 | |
| 7 | Елена Чукалеска | 12 | 12 | 24 | III-9 |
| 8 | Даниела Димчевска | | 20 | 20 | I-9 |
| 9 | | | 14 | 14 | |
| | Вкупно | 35 | 46 | 81 | 3 |

- Сите наставници до почетокот на наставната година имаа подготвено годишни тематски планирања кои беа во согласност со наставните планови и програми како и годишни планирања за класниот час и слободните ученички активности.

# III. ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНО-ВОСПИТНАТА РАБОТА

## 3.1. Настава

Наставно-воспитната работа во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје во учебната 2023/2024 година се реализираше според Годишната програма за работа на училиштето и според Календарот за организација на наставата во средните училишта, донесен од Министерството за образование и наука.

Годишната програма за работа на училиштето беше разгледана од Наставничкиот совет, усвоена од Училишниот одбор и во законскиот рок доставена до Министерството за образование и наука.

Учебната година започна на 01.09.2023 година, а заврши на 31.08.2024 година.

Наставната година започна на 01.09.2023 година, а заврши на 10.06.2024 година. Првото полугодие започна на 01.09.2023 година и заврши на 29.12.2023 година, а второто полугодие започна на 22.01.2024 година и заврши на 10.06.2024 година.

Во текот на учебната година се организираа зимски, пролетен и летен одмор за учениците. Зимскиот одмор започна на 30.12.2023 година и заврши на 19.01.2024 година. Пролетниот одмор започна на 29.04.2024 година и заврши на 06.05.2024 година. Летниот одмор започна на 11.06.2024 година и заврши на 31.08.2024 година.

Според насоките на Владата на Република Северна Македонија и МОН, за неработни денови определени беа 30.11.2023 година по повод Триесеттиот министерски состанок на ОБСЕ, а 24.04.2024 и 08.05.2024 година заради одржување на парламентарните и претседатеслките избори.
Според дадените насоки во училиштето беа реализирани 174 наставни денови.

На „Денот на училиштето“ - 23 ти Декември се организираа културни, спортски и други манифестации - приредба. Работните денови кога се изведуваа ученичките екскурзии, беа наставни денови во кои изведуваа посебни програми. Оваа година се реализираа полудневни ученички екскурзии.

Наставата во училиштето се одвиваше во една смена - предпладне. Теоретската настава се изведуваше во училници, а практичната настава во училишните работилници. Се реализираа слободни часови по програмите: „Практична математика“ за ученици од прва година од машинска струка, а „Подготовка за вработување и работа“ за ученици во втора година и „Учење на работно место“ за ученици во трета година, адаптирани за ученици со интелектуална попреченост.

Работните задачи, обврски и дневните дежурства се реализираа според однапред подготвен распоред за дежурни наставници.

Заради потполна безбедност на учениците, во училиштето и во ученичкиот дом има инсталиран видео надзор (со камери и компјутерско следење).

Наставните планови и програми кои се користеа во училиштето беа во согласност со програмските документи на МОН. Наставниците редовно ги водеа дневните подготовки кои беа во корелација со наставните содржини, а прилагодени на способностите и можностите на учениците.

Соработката помеѓу наставниците, воспитувачите, членовите на стручната служба и директорот беа секојдневни, преку консултации, меѓусебни договарања, учество на состаноци на стручните Активи, учество на Советите на годините и на Наставничките совети.

## 3.2. Вонннаставна воспитно-образовна работа

- **Ученички дом**

Ученичкиот дом е составен дел од училиштето, во кој се вдомуваат ученици од другите општини од Републиката и кои посетуваат настава во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје.
Во ученичкиот дом се вработени 5 воспитувачи кои ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во Активот на воспитувачи.
Сите воспитувачи одржуваа редовни состаноци со својата воспитна група, по потреба и со сите ученици.

Главен акцент на воспитната работа со учениците во ученичкиот дом беше ставен на подготовката на учениците за настава, потикнување на креативните способности, социјализација и стекнување на работни и хигиенски навики кај учениците. Преку целата учебна година континуирано им се помагаше на учениците во совладувањето на наставното градиво и пишување на домашните задачи.

За реализирање на поставените цели во текот на учебната година се планираа и реализираа следните задачи:

- Редовни воспитни активности
- Редовна подготовка за настава и пишување на домашна работа
- Одржување на хигиена во ученичкиот дом и личната хигиена
- Редовни спортски активности (кошарка и пинг-понг)
- По повод 3ти Декември денот на лицата со попреченост организирање на креативна работилница
- Посета на Собрание на Република Северна Македонија по повод денот на Мирот
- Посета на Зоолошка градина
- Посета на Аероклуб Скопје-Стенковец
- Посета на Национална галерија „Чифте Амам“ во старата Скопска чаршија
- Посета на Институт за Македонски јазик при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј “ по повод Меѓународен ден на мајчиниот јазик
- Посета на изложба „Патина на Љубовта“ од скулпторот Синиша Новески во галерија Метанија
- Посета на спомен куќата на Мајка Тереза
- Прошетка до градски парк
- Одбележување на денот на шегата 1ви Април со изработка на креативни маски

За поттикнување и развивање на креативните способности на учениците во Ученичкиот дом работеа повеќе секции: спортска, ритмичка, драмска и современи општествени загрозувања и конфликти.

**Еко-акција** - Од страна на воспитувачите се организираа и две еко акции, есенска и пролетна за естетско уредување и чистење на дворот пред Ученичкиот дом.

**Спортски активности** - Беа реализирани есенски и пролетен крос. Учениците учествуваа и во регионални спортски игри. Традиционално и оваа година двајца ученици во придружба на двајца воспитувачи учествуваа на Домијада во Охрид во периодот од 02-04.06.2024 година. Нашите ученици земаа учество на натпреварите во пинг-понг, во категоријата - ученички домови за ученици со посебни образовни потреби.

**Соработка со Центар за младински активизам ЦМА КРИК** и оваа учебна година продолжи со активности од нивните програми за млади за вклученост на лицата со попреченост.

Продолжи реализацијата на програмата „Здравје“. Здравиот начин на исхрана, припремање на здрави оброци како и подготовка на зимница, ком поти, консумирање свеж зеленчук и овошје, сокови од свежо овошје, подобрување на психомоторните способности на учениците се дел од активностите за правилен и здрав начин на живеење, а едукативниот дел се реализираше преку квиз на знаења од областа на придобивките од правилен начин на исхрана и живеење.

Работата и активностите во ученичкиот дом кои беа планирани беа реализирани во текот на целата учебна година.

**- Училиштен спортски клуб**

Во училиштето **УСК ДСУРО „Св. Наум Охридски 2018“ - Скопје** е организатор и реализатор на спортски натпревари, манифестации и спортски игри на основните и средните училишта за ученици со посебни образовни потреби на сите нивоа во општината, Републиката и на меѓународен план.

Во спортскиот клуб членуваат ученици од целото училиште кои покажуваат интерес кон спортот и спортските активности, тренирајќи ги секоја среда следниве спортски дисциплини: атлетика- трчање, скок во далечина и фрлање ѓуле, полигон, баскет, пинг -понг и мал фудбал.

Во учебната 2023/2024 година во целост се оствариjа целите и задачите утврдени со годишната програма за работа на спортскиот клуб: потикнување, масовност и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето, подигнување на нивото на психомоторните способности кај учениците, соработка со други училишни клубови, спортски организации и сојузи и врши афирмација и пропаганда како на самото училиште така и на афирмација на спортот и спортските активности на ученици со посебни способности.

Спортскиот клуб беше многу активен преку реализирање на голем број на спортски игри и активности:

- Од 25.09.2023 год. до крајот на школската година секој понеделник и среда се реализираа фитнес тренинзи со корективна гимнастика како дел од средствата добиени од наградата за Младинско учество.
- На 30.09.2023 год. се реализираше планинарска тура до средно Водно
- На 05.10.2023 год. одржан Инклузивен фудбалски натпревар со учениците од ООУ „Никола Карев“ од Крушево во рамките од заедничкиот проект со ФФМ.
- На 17.10.2023 год. во ДУЦОР „Партенија Зографски“ се одржаа

Есенските Регионални спортски игри за ученици со посебни образовни потреби од Скопскиот регион.

- На 25.10.2023 год. учествувавме на Есенските Регионални спортски игри за ученици со посебни образовни потреби  на Источниот Регион во Ново Село Струмица
- На 09.11.2023 год во рамките на проектот „ Фудбал за сите “ на нашето училиште и ФФМ, се одржа Инклузивен фудбалски натпревар со учениците од ООУ „Марко Цепенков “ – Зелениково, Скопје
- По повод 3ти Декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби во ДСУ „ Искра “ од Штип се одржаа спортски игри каде учество зема и спортскиот клуб од нашето училиште
- На 14.12.2023 год. во ООУ„ Димитар Миладинов“ се одржа фудбалски натпревар помеѓу нашето училиште и Репрезентацијата на лицата со Даунов Синдром како завршен настан од едногодишниот фудбалски проект со ФФМ

Оваа учебна година со учениците работеа наставниците - тренери: Станислав Мирчевски, Лела Франговска и Анѓелка Пандиловска.

Оливер Робев беше назначен за претседател на УСК од 01.03.2024 година.
Наставниот кадар по Спорт и спортски активности, дел од воспитувачите во ученичкиот дом со поддршка од колегите  наставници и стручната служба во училиштето преку различни видови на спортови го негуваа здравиот и спортски дух и овозможуваа правилен развој на учениците. Секој четврток ученици од целото училиште кои покажуваат интерес кон спортот и спортските активности тренираа атлетика-трчање, скок во далечина и фрлање ѓуле, полигон, баскет, мал фудбал и пинг-понг.

**Слободни ученички активности**

Во училиштето според сопствените афинитети и интереси учениците членуваа во слободни ученички активности-секции. Со учеството во работата на секциите кај учениците се потикнуваше другарувањето, се негуваше истрајноста во извршувањето на задачите и се формираа навики за правилно користење на слободното време.
Во оваа учебна година во училиштето работеа следните секции: литературно-рецитаторска, литературна, математичка секција, математика низ игра, современи општествени загрозувања и конфликти, арт секција, спортска, ликовна, секција за промоција на здрава храна, секција по готварство, фолклорна, графичка секција, печатарско-

книгоповрзувачка секција, браварски операции, сообраќајна секција, текстилна секција „Креативни вештини“, компјутерска едукација, културно-историско градителско наследство, ритмичка, драмска и кошаркарска секција.

**Литературно-рецитаторската секција,** за која одговорен наставник е Жана Божиновска, во учебната 2023/2024 година, на средбите ги реализира поставените цели предвидени во годишната програма на секцијата. Со учеството во оваа секција членовите ја збогатуваат својата јазично-литературна култура, ја развиваат културата на усното и писменото изразување, ја негуваат љубовта кон македонскиот литературен јазик, македонската литература и литературата на другите народи, воедно го исполнуваат корисно своето слободно време, афирмирајќи се себеси и училиштето.
Членовите на оваа секција се носители на активности и приредби организирани во училиштето, ги уредуваат литературното, мио и еко катчето, соработуваат со другите секции во училиштето и воспоставуваат соработка со секции од други училишта.

- На приредбата по повод патрониот празник, која се одржа на 21.12.2023г. година, ученикот Фарис Селмановиќ беше водител на приредбата, а учениците Стефан Белковски, Иван Костадиновски и Анѓела Величковска настапија со рецитал.
- На настанот „Тука сме, задно сме, а можеме повеќе“, кој се одржа на 17.04.2023г., ученикот Стефан Белковски беше водител на програмата, а учениците Иван Костадиновски и Анѓела Величковска настапија со рецитал.
- Ученикот Авни Мемеди настапи со рецитал на настанот „Јазици без граници“ организиран од институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик.
- Секцијата реализира заеднички работилници со арт-секција на тема: „Есен“ „Нова година“, „8 Март“ и „Традиција“.
- Учествуваше во проектот „Пинокио“ во соработка со Национална галерија – Чифте амам. Ликот на Пинокио беше предизвик за нашите млади креативци да нурнат во светот на фантазијата и можност да го креираат и изградат ликот на нивниот Пинокио.
- Членови на литературно-рецитаторската секција беа вклучени во реализирањето на активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.

Сите членови на литературно-рецитаторската секција во учебната

2023/2024 година дадоа голем придонес во промоцијата на училиштето. Литературно-рецитаторската секција е атрактивна за учениците и постојано е отворена за соработка.

**Литературната секција** за која одговорен наставник беше Бранка Бошкова, оваа учебна година пред себе постави повеќе цели и задачи кои ги реализираше етапно преку предвидената програма за работа, во текот на учебната 2023/2024 година.

Во секцијата членуваа ученици кај кои постоеше интерес за македонскиот јазик и литературата како уметност со цел да ги продлабочат и прошират своите знаења од оваа област.

Литературната секција задржувајќи се пред се на книжевно-јазичните проблеми, посвети посебно внимание на усвојување на македонскиот стандарден јазик, развивање и коригирање на говорот, правилна употреба на зборовите итн.

Со обработување на теми од книжевноста кај учениците се развиваше желбата за читање, љубовта кон книгата и се збогатуваше нивниот речник за изразување. Активностите кај учениците ја поттикнуваа нивната креативност и оригиналност и ги задоволуваа и негуваа индивидуалните интереси и способности.

Во текот на учебната година членовите на секцијата учествуваа:

- во одбележувањето на Меѓународниот ден на мирот – 21 Септември со пишување творби и читање пораки
- на приредбата организирана по повод Патрониот празник на училиштето со рецитаторски точки
- во одбележувањето на 21 Март - Денот на пролетта со пишување литературни творби
- на настанот под мотото „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“, со рецитаторски точки
- со рецитали на македонски и албански јазик на настанот „Јазици без граници“ организиран од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик.

Со членувањето во секцијата учениците ги развиваа самостојноста, доследноста, истрајноста како и создавањето навики за правилно користење на слободното време.

**Секцијата „Математика низ игра“** се одржуваше еднаш неделно во текот на целата учебна година. Успешното остварување на целите, вклучуваше потикнување на перцептивните процеси на мислење, со кои

учениците со сензомоторното искуство формираа претстави за предметите и појавите, за нивните својства и односи (боја, големина, положба во просторот, бројност и сл.). Сфаќањето на логичкото значење на поимите е во директна зависност од тоа како тие го доживуваат сетилното сознавање. Колку се побогати претставите за реалните предмети, толку е полесна понатамошната постапка која води до апстрахирање и воопштување, односно полесно преминување од претстави кон поими.

Играта е најприродниот пат на когнитивен развој на учениците, бидејќи преку неа детето на свој начин ги стекнува сопствените искуства. Учејќи низ игра учениците вложуваа напори при извршувањето на активностите во играта, а со тоа и ги усвојуваа неопходните вештини потребни за совладување на активностите во играта.

**Математичката секција** беше формирана на почеток на учебната година и имаше за цел да го развие и одржи интересот за учење на математиката. За успешно постигнување на целта беше нагласена практичната примена на избраниот материјал и беше користена современата технологија ИКТ. Учениците беа вклучени активно во работата на секцијата приложувајќи ги своите решенија на зададените задачи. Во математичката секција беа вклучени сите ученици според нивна желба и интерес. Математичката секција успешно работеше според изготвениот план за работа.

Во текот на учебната 2023-2024 година **секцијата Современи општествени загрозувања и конфликти** ги реализираше своите активности според утврдениот план и програма за работа.
Членовите на секцијата активно земаа учество при реализација на активностите кои прозлегоа од програмата на Мировно образование – Светскиот ден на мирот, Светкиот ден на правата на детето и Меѓународниот ден на лицата со попреченост.
Во одделни работилници учениците имаа можност да се запознаат со разни видови на опасности, појави и ризици како што се војна, конфликт, криминал и разни видови на девијантни однесувања. При реализација на овие активности се користеа видео и аудио записи, слики и илустрации.
Учениците реализираа работилница за препознавање на опасностите и ризиците од земјотреси која беше реализирана на 20.05.2024 година и документи за лична индетификација која се реализираше на 15.04.2024 година.
Сите ученици кои беа вклучени во секцијата беа активно вклучени во реализација на работилниците.

Програмата на **арт-секцијата** во учебната 2023/2024 година се реализира преку креативни работилници, на кои секој ученик е работно ангажиран,

со право на слободен избор на материјали и начин на творечко изразување. Покрај редовните активности арт-секцијата организираше и учествуваше работилници во соработка со институции од локалната средина и учествуваше во проекти, работилници и фестивали, како:

- На 13.12.2023 година, во рамките на меѓуучилишната соработка, реализираше креативна работилница во соработка со СУГС „Цветан Димов“ – Скопје, на работилницата присуствуваше заменик-министерот за образование и наука, господинот Агим Нухиу.
- На 18.12.2023 година, реализираше инклузивна работилница за декорирање на дрвени новогодишни лампиони организирана од Национална галерија. Преку откуп на изработените новогодишни украси, Ротари клубот Скопје Вест, обезбеди ваучер за нашето училиште.
- На 21.12.2023 година, во рамките на одбележувањето на патрониот празник беа изложени креативните изработки.
- На 25.03.2024 година, реализираше инклузивна креативна работилница во рамките на проектот „Пинокио“ на Национална галерија во соработка со Италијанска амбасада.
- На 17.4.2024 година, по единаесетти пат, се одржа интерактивниот настан под мотото „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“. Настанот е дел од програмата на арт-секцијата, а целта е да се создава чувство на заедништво, припадност, соработка и помагање на другите. Покрај арт-секцијата учествуваа литературно-рецитаторската, литературната, музичката и ритмичката секција. Во рамките на настанот беа изложени креативни творби изработени од членовите на арт-секцијата, ликовната секција, креативната работилница од текстилната струка и секцијата браварски операции. Настанот го збогатија со свои точки ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје, СУГС „Цветан Димов“ – Скопје, СУГС „Орце Николов“ – Скопје, СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“ – Скопје и ООУ „Кузман Шапкарев“ – Скопје.
- На 28.05.2024 година, реализираше работилница, во рамките на проектот „Од органски отпад до зачин“ на Фондот за иновации и технолошки развој.
- На 21.06.2024 година, дел од членовите на арт-секција и родители учествуваа на работилница во рамките на Фестивалот на инклузија, кој го организираа здруженијата „Икуалити“ и „Визија плус“.
- Сите членови на арт-секција беа вклучени во реализирањето на активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.

Ваквите инклузивни активности на арт-секцијата придонесуваат кон

размена на добри практики како позитивен начин за учење на сите вклучени страни.

Работата на **спортската секција** во учебната 2023/2024 година се реализираше во целост според однапред планираната програма за работа на спортската секција.
Се организирава повеќе фудбалски натпревари и фитнес тренинзи во текот на годината.

**Ликовната секција** предвидената програма ја реализираше во целост. Секцијата работеше во насока на развивање на фантазијата на учениците кои членуваа во неа, како и подобрување на нивните моторички способности.

**Секцијата за промоција на здрава храна** има за цел да промовира, организира, управува и да учествува во едукативните активности, вклучително и во рамките на училиштата, преку научно истражувачки проекти, за координација, обука и курсеви, наменети за сеопфатна примена, правото за здравствената едукација, како и да се развие чувството за усовршување на вкусот и воопшто за развојот на соодветната традиционална кујна и култура во исхраната.
Во рамките на секцијата за здрава храна, покрај редовните планирани активности, се реализиираа други активности како:

- Изработка на сендвичи од здрави и свежи продукти – месец октомври
- Изработка на новогодишни колачиња со учениците – месец декември
- Изработка на здрави канапеи со учениците емитувано на Радио Слободна Европа на Македонски – месец февруари
- Изработка на десерти – месец март (денот на жената)
- Учество на настанот „Повторно заедно“ Градскиот парк – месец јуни
- Учество на „Фестивал на инклузија“ – месец јуни

Во учебната 2023/2024 година, од финансиски причини не беше реализиран „Фестивалот на сочни фигури“, во месец октомври.
Покрај горенаведените активнисти на секцијата, беа реализирани и низа работилници во текот на целата учебна година од проектот „Од органски отпад до зачин“.

**Секцијата по готварство** во учебната 2023/2024 година, реализираше 64 од вкупно 72 часа кои беа предвидени со претходно зададени план и програма. Зададените цели и задачи беа постигнати и реализирани, а со самото тоа беа унапредени знаењата и вештините на учениците.

Постоењето на **фолклорна секција** во училиштето, пред се е од социјален аспект. Учениците преку музиката, орото и богатата колоритна македонска носија ги учат традиционалните вредности на нашиот народ. Потикнувањето љубов кај учениците кон музиката, преку ритамот, доведува до развивање на нивниот слух за музиката, а воедно и моториката. Музиката и орото се тие коишто ги зближива учениците, ги отргнува од агресивноста и улицата, ги прави срдечни, непосредни , пријатни, дружељубови, со што нивната душа се исполнува со љубов топлина и нежност.

Во учебната 2023/2024 година секцијата ја релизира програмата, од која членовите имаа можност да ги научат „Правото“, „Црногорка“ и „Пајдушко“.

Целта за потикнување на активноста кај учениците е постигната. Оттука произлегуваат и придобивките на учениците со членувањето во секцијата, како што се стекнување знаења од богатото народно творештво; оспособување на членовите на секцијата за пеење и играње на традиционални македонски песни и ора, сценско однесување и настап.

Социјалниот карактрер на секцијата е од посебна важност најважно од потребата за меѓусебно другарување во училиштето како и со другарчињата од други училишта остварено преку МИО активностите.

Часовите по **графичка секција** се изведуваа со издвоена група на ученици кои поседуваат афинитет кон графиката и кои работат на додатни активности со цел да се продлабочи нивното познавање од графиката и графичките производи, а цели на програмата беа:

- развивање на графичките вештини од областа на книгоповрзувањето и картонажерството;
- правилно користење на графичките помагала - алатот, приборот, апаратите, машините и графичките материјали;
- развивање на способностите и навиките за користење на алатот, приборот, апаратите, машините и графичките материјали;
- запознавање со особеностите на графиката и графичките производи.

**Печатарско-книгоповрзувачката секција** во учебната 2023/2024 година реализираше 72 часа кои беа предвидени со претходно зададени план и програма. Целите и задачите беа постигнати и реализирани согласно условите.

**Секцијата браварски операции** во учебната 2023/2024 година реализираше 72 часа кои беа предвидени со претходно зададени план и програма. Целите и задачите беа постигнати и реализирани согласно

условите. Учениците во рамки на секцијата:

- беа иновативни и реупотребувајќи стари скии и профили изработија клупи кои беа поставени во училишниот двор
- изработуваа креации по своја желба искористувајќи отпадни материјали
- во сработка со Арт секција беа изработени и украсени метални креации кои беа поставени на бината за време на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“

Часовите по **сообраќајната секција** се изведуваа со издвоена група на ученици кои поседуваат афинитет кон сообрачајот и кои работат на дополнителни активности со цел да се продлабочи нивното познавање од сообраќајот. Кај учениците доведоа до:

- запознавање со сите видови на сообраќај;
- запознавање со сите видови на учесници во сообраќајот;
- зголемување на самодовербата кај учениците при нивно учество во сообраќајот;
- поттикнување и развивање на сообраќајната култура;
- правилно читање на сообраќајните знаци;
- развивање на одговорноста, способностите и навиките во сообраќајот;
- донесување правилни одлуки како директни учесници во сообраќајот.

Целите и задачите беа постигнати.

**Текстилната секција „Креативни вештини“** се одржуваше еднаш во неделата во текот на целата учебна година. Програмата на текстилната секцијата во учебната 2023/2024 година се реализира преку креативни работилници, на кои секој ученик беше работно ангажиран, со право на слободен избор на материјали и начин на творечко изразување. Покрај редовните активности секцијата:

- Во одбележувањето на патрониот празник на училиштето каде беа изложени креативните изработки на учениците од креативната секција.
- Креативната-секцијата реализираше работилница со родители и ученици на тема „Нова година“.
- По повод денот на жената реализираше работилница на тема „8 Март“.
- Учество на настанот под мотото „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“ со креативни изработки изработени од членовите на креативната секција.

Дел од членови на креативната секција беа вклучени во активностите на

МИО проектот.
Реализирајќи ја програмата учениците ја поттикнаа својата креативност, правилно користење на потребните алатите за работа, ја зајакнаа својата самодоверба во своите можности и способности. Со самата работа се реализираа креативно во работа со различни видови на текстилни материјали кои мажат да ги користат и во понатамошното професионално, и секојдневно работење.

**Секцијата компјутерска едукација** во учебната 2023/2024 година, неделно одржуваше 2 часа, а активностите на секцијата беа главно насочени кон совладување на програмата за конструкција и мерење на електрични кола “circuit construction kit” и нејзината примена за подобрување на наставата. Учениците се оспособија да отворат е-сметки и да ги користат понатаму за други цели. На еден од постарите компјутери учениците се оспособија да преинсталираат Виндоус 7. Секако во работата на секцијата не беа заборавени афинитетите и интересите на самите ученици. Целите и задачите на секцијата беа реализирани успешно во склад способностите на учениците.

**Секцијата културно - историско градителско наследство** ги оствари целите да ги поттикне афинитетите на учениците кон градителското наследство во нашата Република како и да го продлабочи знаењето од градежната струка преку запознавањето на учениците со културно - историските градителски споменици. Исто така создаде импресии кај учениците преку запознавање на богатата македонска архитектура учењена традиционалните начини на изведба преку употребата на каменот, дрвото и глината како природен и еко материјал. Како императивни компоненти на секцијата беа социјализација на учениците преку посета на објекти, разгледувавме и дискутиравме за истите преку видео и аудио презентација за објекти.

Во **ученичкиот дом** во оваа учебна година беа застапени ритмичка, драмска, кошаркарска секција и секцијата современи општествени загрозувања и конфликти.

**Ритмичката секција** преку игра и песна внесе радост кај учениците, а истовремено помогна во развивање на нивната моторика и чувство за ритам со усовршување на сите елементи од ритмиката до правење на целосна кореографија. Ритмичката секција настапи на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“ како дел од програмата на Арт секција, со кореографија на песната „Bella“ во која земаа учество дел од учениците од ученичкиот дом.

**Драмската секција** работеше на кратки драмски текстови во текот на целата учебна година. Преку работата на драмската секција на учениците им се овозможи слободно и самостојно изразување, развој на психомоторните способности, естетско образование, развој на фантазија и социјализација.

**Ритмичката и драмската секција** оваа година настапија на патрониот празник. Ритмичката секција настапи со кореографија на песната „All I want for Christmas is you" во која земаа учество дел од учениците од ученичкиот дом, а драмската секција настапи со драмата „Постои ли Дедо Мраз" во која земаа учество сите ученици од ученичкиот дом.

**Кошаркарската секција** овозможи подобрување на психофизичките способности и усвојување на основните елементи од кошарката. Активностите беа изведувани во спортската сала и во дворот од ученичкиот дом. Во ученичкиот дом беа одржувани меѓусебни натпревари.

**Секцијата современи општествени загрозувања и конфликти** (во ученичкиот дом) во текот на учебната 2023/2024 година имаше за цел да им овозможи на учениците да се запознаат со разни видови на опасности, појави и ризици како што е војна, конфликт, криминал и друго. Заедно со учениците се реализираа работилници за препознавање на опасности и ризиците со кои што може да се соочат. Сите ученици кои беа вклучени во секцијата беа активно вклучени во реализација на работилниците за препознавање на загрозувањата и опасностите со цел навреме решавање на истите преку симулација на конфликти (играње на улоги) преку користење на видео и аудио записи и илустации.

Во училиштето на 01.04.2024 година по повод **Денот на шегата** организиран е **училиштен Маскенбал** на отвореното спортско игралиште позади училиштето. Во истиот учествуваа ученици од I, II и III година кои се претставија со различни маски, меѓу кои и маски од рачна изработка со материјали кои се рециклираа.
На настанот како гости присуствуваа родителите на учениците. Тројца од учениците добија диплома за најоригинална, најкреативна и најсмешна маска, а на сите останати ученици им беа доделени дипломи за учество на Првоаприлскиот настан.

Во рамките на програмата **„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем"**, покрај активностите од еко-стандардите се реализираа и следниве активности:

- На 12.09.2023 година реализирана е акција во собирање и складирање на стара хартија и картон во специјализиран контејнер доставен од фирмата Еко – стар.

- На 17.09.2023 година изработена и презентирана презентација на тема „Заштита на озонската обвивка“.
- На 22.09.2023 година реализирана е едукативна активност со учениците по повод Меѓународниот ден без автомобили – 22 септември.
- На 09.10.2023 година со низа активности одбележан е 8 Октомври – Меѓународниот ден за намалување на уништувањето на природата.
- На 15.10.2023 година преку Power point презентација и уредување на Еко-катчето одбележан е Меѓународниот ден на пешаците – 15 октомври.
- На 16.10.2023 година по повод Меѓународниот ден на храната – 16 октомври учениците правеа сендвичи од здрави и свежи продукти со цел да ја разберат потребата од консумирање здрава храна.
- На 17.11.2023 година спроведена е еко - акција со цел чистење на училишниот двор и воедно подигање на еколошката свест кај учениците за чиста и здрава животна средина.
- На 13.12.2023 година се одржа работилница на тема „Кружно движење на водата и отстранување на нечистотиите од водата“.
- На 09.02.2024 година одржана е работилница на тема „Рационално користење на водата“.
- На 05.03.2024 година по повод Светскиот ден за заштеда на енергија – 5 март реализирана е презентација на тема „Како да заштедиме електрична енергија?“ со цел едукација на учениците за важноста и начините за заштеда на електрична енергија како и постојана нивна стимулација наученото да се спроведе во практика.
- На 21.03.2024 година Денот на Екологијата – 21 март се одбележа со еко-акција за чистење на училишната зграда и собирање на непотребната хартија и нејзино складирање во контејнер на Еко-стар, а Денот на пролетта, учениците од литературната секција го одбележаа со пишување на литературни творби.
- На 22.03.2024 година по повод Светскиот ден за заштеда на водите – 22 март одржана е презентација на тема „Значење на водата“.
- На 05.04.2024 година по повод Светскиот ден на здравјето – 7 април реализирано е предавање на тема „Што претставува здравјето и фактори кои влијаат на подобрување на здравјето“.
- На 22.04.2024 година реализирана е работилница по повод Светскиот ден на планетата Земја – 22 април преку која учениците се стекнаа со знаења и ја формираа планетата Земја од пластичен отпад.
- На 15.05.2024 година во просториите на училиштето се реализираа креативни работилници со цел проширување на знаењата на

учениците за начините на заштита на климата.

- На 31.05.2024 година по повод Светскиот ден против пушењето – 31 мај одржана е презентација преку која учениците се стекнаа со знаења за штетните последици по здравјето предизвикани од пушењето цигари.

Во учебната 2023/2024 година од Националната агенција за образовни програми и мобилност беше прифатен поднесениот финален извештај за **проектот Let's get G.R.E.E.N** чија реализација на активности траеше до 31.08.2023 година.

Од 10.09-16.09.2023 година нашите ученици заедно со тимот од ЦМА „КРИК" беа на **Младинска размена во Финска**. Тема на размената беше „Пријателство и природа". Младинската размена беше реализирана како евалуација на **проектот „Сите вклучени - надминување на бариери за учество"** заедно со партнерските организации од Италија и Финска.

Во рамки на **проектот на ФФМ „Фудбал за сите способности - Државно средно училиште Св. Наум Охридски"** фудбалските тренинзи се реализираа во просториите на ДСУ „Св. Наум Охридски" – Скопје.

Во периодот од 01.09.2023 до 21.12.2023 година се одржаа 29 фудбалски тренинзи, два Инклузивни фудбалски натпревари, првиот на 05.10.2023 год. во Крушево со учениците од ООУ „Никола Карев" од Крушево, а вториот на 09.11.2023 год. со учениците од ООУ „Марко Цепенков" од Зелениково.

На 14.12.2023 год. на фудбалското игралиште на ООУ „Димитар Миладинов" се одигра фудбалски натпревар со Репрезентацијата на Македонија на лицата со Даунов синдром и со женската фудбалска екипа од ООУ„ Димитар Миладинов" - Скопје.

Тренинзите се одржаа според однапред утврден план и програма прилагодена на психофизичките и функционалните способности на учениците. На тренинзите учество земаа 20 ученици со посебни способности од нашето училиште и со нив работеа 2 фудбалски тренери и 2 помошници. Во овој период акцент на тренажниот процес беше ставен на применување на стекнатата елементарна фудбалска техника во игра (ситуациони тренинзи 2 на 1 / 3 на 1 / и / 5 на 2 / со пасивен, полуактивен и активан одбранбен играч) и удари на гол, игра на два и четири гола и меѓусебни фудбалски натпревари со примена на методот СТОП. Според брзината на усвојување од страна на учениците беше дозиран обемот и интезитетот на тренинзите.

Во период од 01.02.2024 до 08.06.2024 година се одржаа 28 фудбалски тренинзи, 4 локални, 2 Регионални натпревари и 1 Инклузивен фудбалски турнир.

Тренинзите се одржаа според однапред утврден план и програма прилагодена на психофизичките и функционалните способности на учениците. На тренинзите учество земаа 16 ученици со посебни способности од нашето училиште и со нив работеа 3 фудбалски тренери и 1 помошник.

Во периодот од 31.05-07.06.2024 година во Охрид се одржа Летен фудбалски камп. На истиот се реализираа 12 тренинзи и се одиграа 2 фудбалски натпревари. На Летниот фудбалски камп во својство на доктор беше и Проф. Ванчо Поп Петревски. Неговото присуство им овозможи на учениците да стекнат практични знаење за правилен начин на подготовка и конзумирање на здрава храна (подготовка на овошје и зеленчукови салати). Воедно учениците можеа да научат низ практично вежбање техники на правилно дишење.

За време на овој период организиравме 2 фудбалски Регионални натпревари со цел она што е научено за време на тренинзите да се имлементира на фудбалски натпревар.

Првиот Регионален фудбалски натпревар се одржа во Штип каде се одиграа 2 фудбалски натпревари со учениците од ООУ „Ванчо Прке“ и еден со учениците од ДСУ „Искра“ од Штип. Вториот Регионален фудбалски натпревар се одржа со учениците од ООУ „Христо Узинов“ од Охрид и Фудбалската школа „Форца“ од Охрид.

Во овој период се орджаа 4 локални Инклузивни фудбалски натпревари и тоа: првиот со Фудбалската „Скул“ , вториот со ООУ „Димитар Миладинов“, третиот ООУ „Марко Цепенков“ - Зелениково и последниот одржан на 20.05.2024 год. со ООУ „Димитар Македонски“ - Скопје.

На 18.04.2024 година се одржа Инклузивен фудбалски турнир на фудбалските терени во коплексот на ФФМ. На турнирот учествуваа 3 машки екипи со типичен развој (ООУ „Ванчо Прке“ - Штип и ООУ „Марко Цепенков“ - Скопје и ООУ „Димитар Миладинов“ - Скопје), 2 машки екипи со посебни способности (ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје и ДСУ „Искра“ - Штип) и 2 женски екипи со типичен развој (ООУ „Ванчо Прке“ - Штип и ООУ „Марко Цепенков“ – Зелениково, Скопје) и 4 женски екипи со посебни способности (ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје, ДСУ „Искра“ – Штип и ООУ „Ванчо Прке“ - Штип).

На почетокот акцент беше ставен на усвојување на елементарната фудбалска техника, а потоа според брзината на усвојување од страна на

учениците беше дозиран обемот и интезитетот на тренинзите. По усвојувањето на основната елементарна техника, во вториот дел од тренажниот процес се усвојуваа и посложени вежби и техники со цел што подобро учениците да ја совладаат елементарната фудбалска техника и истата да ја применат во игра.
Од организираните и одиграните фудбалски натпревари имавме можност да видиме колку нашите учениците може да имлементираат она што го учеа на фудбалските тренинзи во фудбалска игра со противнички екипи, како и колку го подобриле нивото на психофизички способности и можности. Покрај фудбалскиот дел учениците преку тренинзите имаа можност да стекнат позитивни карактерни особини (дисциплина, редовност, ангажираност, посветеност и натреварувачки дух), да стекнат и нови здрави навики (хигиенски навики, здрав начин на исхрана, конзумирање на течности и правилен одмор) и можност да се социјализираат и да се дружат со други ученици од другите екипи, се со една цел да се подигне нивото на знаење и умеење кај нашите ученици а со самото тоа да се подигне самодовербата кај истите, за што поуспешно вклучување во сите сфери на општеството.
Преку организирањето на Инклузивните фудбалски настани се даде можност нашите ученици да бидат заеднички чинители во фудбалските активности со ученици од типичен развој и учениците со типичен развој да бидат дел од фудбалските активности со ученици со пособни способности. Преку ваквите заеднички настани ги прифаќаме различностите во општеството и да даваме пример за еднакви можности за сите.
Родителите на учениците кои учествуваат во проектот беа задоволни од условите кои што ги понуди ФФМ и од постигнатите резултати на сите учесници. Активностите од самиот фудбалски проект и начинот на истите како се реализираа создадоа можности учениците и понатака да се дружат со фудбалската игра и се повеќе да навлегуваат во фудбалските тајни и со тоа да бидат среќни, радосни и задоволни.

Во рамки на **Програмата „Здравје“** учениците стекнаа трајни навики за здрава исхрана и физички активности во секојдневниот живот. Во текот на учебната 2023/2024 година се реализираа следниве активности:

- Во соработка со наставниците од угостителската струка се реализираа активности за подготовка на компот од сезонско овошје и зеленчукови салати.
- По повод 7 Април Светскиот ден на здравјето се одржа предавање на тема: Што претставува здравјето и фактори кои влијаат за подобрување на здравјето.
- За време на Летниот фудбалскиот камп кој се securities ралtizираше во Охрид во периодот од 31.05-07.06.2024 година кој е дел од проектот на

нашето училиште и ФФМ, со присутните ученици се реализираа активности од програмата „Здравје“. Се подготвува салати од семиња, семки и суво овошје (овошни салати) и салати од зеленчук (кромид, морков и зелка). Проф. Ванчо Поп Петровски преку едукативни предавања овозможи учениците да се стекнат со нови информации и сознанија за квалитетот на одредени прехрабрени продукти и начинот на нивна подготовка и конзумирање.

Во училиштето се реализира **проектот „Зелена инклузивност“** (совладување на зелени вештини за зголемување на вработливоста на лицата со посебни образовни потреби) од Црвен крст на Република Северна Македонија - општинска организација Центар.

Во текот на учебната 2023/2024 година се реализираа следниве активности:

- На ден 24.10.2023 година се реализираше работен состанок со засегнатите страни на којшто се направи план за реализација на работилниците со цел нивно ефективно спроведување.
- На ден 16.10.2023 година беа реализирани две одделни дисеминациски сесии за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина наменети за вработените во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ и за родителите на учениците кои посетуваат настава во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“.
- На 30.10.2023, 10.11.2023 и 22.11.2023 година се реализираа по три обуки во три смерови за вкупно 61 ученик, на темите:
    1. Комуникациски вештини (подобрување на способностите на учениците и зголемување на нивните капацитети, преку стекнување со вештини за вербална и невербална комуникација и препознавање емоции)
    2. Тимска работа (како да се функционира во тим и како да се следи динамиката на тимот и ефикасноста на работата во група)
    3. “Зелени“ вештини (специјализирани вештини во насока на заштита на човековата околина со цел да се подигне нивото на свесност за потребата од нејзина заштита)
- На ден 05.12.2023 година се реализираше завршна работилница каде преку симулација на работните задачи со кои би се соочиле учесниците на работното место, учениците имаа можност да ги покажат новостекнатите вештини и компетенции. Работилницата се реализираше во рамки на училиштето поради логистички причини, како и за полесна реализација на симулацијата, поради тоа што училиштето е опремено со апаратура и машини кои би ги употребувале учениците

на потенцијалното работно место.

- Доделување на потврди и благодарници за учествување во проектот, како и брендирани ранчиња, чашки и папки со училишен прибор со логото за Зелена инклузија.
- На ден 14.12.2023 година се реализираше евалуациска средба на која учествуваа ученици учесници во проектот, наставниот кадар вклучен во проектот како и проектниот тим од Црвен крст на РСМ – ОО Центар и вклучените надворешни соработници. Сите учесници (наставници и ученици) имаа можност да ги искажат своите мислења поврзани со проектот.

Како дел од зајакнување на соработката помеѓу ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје и Црвен крст на РСМ – Општинска организација Центар, согледувајќи ги потребите на училиштето, на ден 16.10.2023 година обезбеди **11 сандачиња опремени со материјали за прва помош** и истите беа поставени на соодветни места, а во рамките на училиштето се формираше и основна организација на Црвен крст.

Училиштето учествуваше во надворешни активности и работилници во рамки на проектот **„ХОЛД ОН: Олеснување на пристапот до поддршка за ментално здравје кај младите луѓе“** реализиран од страна на тимот на КМОП – Скопје.

Во текот на оваа учебна година, во училиштето, се реализираа активности во рамките на **наградениот проект од Фондот за иновации и технолошки развој „Од органски отпад до зачин“**. Во фокусот на проектот беше ставен органскиот отпад. Со тотално искористување на органскиот отпад, преку дехидратација и мелење на остатоци од зеленчук, создадовме зачин. Благодарение на поддршката и дадената шанса покажавме дека сакаме предизвици, умееме да се носиме со нив и можеме да бидеме иноватори. Во текот на оваа година беа реализирани:

• **Воведни работилници**

- Запознавање на учениците со идните активностите во рамките на проектот
- Едукација за зеленчук и овошје
- Процес на дехидратација на органскиот отпад (видео презентација)

• **Изведбени работилници**

- Изработка на презентација
- Анкета – обработка на податоци
- Подготовка на амбалажа за складирање на продуктите (работилница во соработка со арт секција)
- Прибирање на остатоци од зеленчук (селектирање, миење и чистење на

продуктите)
- Процес на дехидратација
- Процес на мелење на зеленчукот и подготовка на зачин
- Промоција на зачин - Објава на фејсбук и веб-страницата на училиштето од активностите поврзани со проектот
- Промоција на зачинот на настанот под мотото „Повторно заедно“

**Арт и литературно-рецитаторската секција** од нашето училиште беа вклучени во **проектите „Птици“ и „Пинокио“ на Национална галерија – Чифте амам.** Во еколошкиот проект „Птици", покрај нашето училиште, учествуваа Зоолошка градина Скопје, Машински факултет, СУГС „Цветан Димов“ - Скопје и ООУ „Невена Георгиева Дуња"- Скопје. Низ серија работилници, учениците, се едуцираа и изработија куќички за птици, кои беа поставени во Зоолошката градина. Покрај развивање на еколошката свест целта на проектот беше низ заедничките активности учениците да учат едни за други, но и за светот околу нив. Проектот беше промовиран во нашето училиште во рамките на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“.
Инклузивниот креативен проект „Пинокио“ на Национална галерија во соработка со Италијанска амбасада, беше предизвик за нашите млади креативци да го креираат и изградат ликот на нивниот Пинокио. Целта на проектот беше преку творечкиот процес и тимската работа кај учениците да се развива чувство на заедништво, припадност и соработка.

За **развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција**, во учебната 2023/2024 година, спроведени се следните активности:
Во септември и октомври 2023 г., училиштата партнери ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје и СУГС „Цветан Димов“ – Скопје, реализираа активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. Планираните активности, изведба на народната песна „Шербет блага невесте“, изработка на креативни творби - од идеја до реализација и изработка на производи од картон, се реализираа преку воведни, мултикултурни и изведбени работилници. Покрај воспоставената интерперсонална комуникација и соработка со припадници на други етнички заедници, учениците имаа можност да ги искажат и да ги збогатат своите знаења од графичката, текстилната струка, литературата, музиката, танцот и ликовната уметност.

Во ноември 2023 година, се реализираа работни средби со наставници од училиштето партнер СУГС „Цветан Димов“ - Скопје. На средбите се планираа заедничките активности со кои училиштата, по објавениот јавен

повик за доделување на грантови од Министерството за образование и наука, аплицираа и шеста година по ред активностите се поддржани со грант. Со грантот се опфатени следните активности:

- Изведба на песната „Ода на радоста“
- Изработка на креативни творби – Еко-принт
- Изработка на картонска амбалажа и промотивен материјал

Во периодот од февруари до јуни 2024г., по добиениот грант од Министерството за образование и наука, се реализираа работни средби на наставници, воведни работилници и мултикултурни работилници. Во реализацијата на активностите беа вклучени: текстилната, графичката и угостителско-туристичката струка, како и литературно-рецитаторската секција и арт-секција.
Активностите беа промовирани на приредбата по повод патрониот празник на нашето училиште, на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“, на работилници организирани од Национална галерија – Чифте амам и на Фестивалот на инклузија, кој го организираа здруженијата „Икуалити“ и „Визија плус“.

**Програмата за превенција од насилно однесување во училиштето** во учебната 2023/2024 година беше успешно реализирана од страна на одговорните лица и соработниците вклучени во неа. На почетокот од учебната година, беше презентиран Протоколот за реагирање при појава на насилно однесување во училиштето со потенцирање на училиштето како значаен фактор во превенцијата и препознавањето на злоупотребата и занемарувањето на децата и начините на кои може истото да делува во охрабрување на учениците да споделуваат за она што им се случува со цел да се заштитат и да не им се повторува тоа во иднина.

Со цел превенција на насилно однесување во училиштето, од страна на психологот Магдалена Дунимаглоска, социјалниот работник Оливер Робев и дефектолозите Катерина Доневска и Љубица Спасова со родителите и учениците од I, II и III та година, беа реализирани следниве едукативни и интерактивни работилници:

- „Мојот говор на тело“ реализирана на ден 23.11.2023 година, со цел учениците да го разберат значењето на говорот на телото, колку % од севкупната комуникација припаѓа на овој вид на говор и какво е неговото влијание во целокупното фунционирање во релациите со другите (прифатлив и неприфатлив говор на телото во комуникацијата со другите), да внимаваат на движењето на телото за сите заедно да придонесеме за безбедна и сигурна училишна средина без насилство.

Истата беше реализирана со дополнителна поддршка и соработка од наставник Анѓелка Пандиловска.

- „Како правилно да се однесуваме едни со други“ реализирана на ден 31.05.2024 година, со цел учениците да разберат колку е важно да се однесуваме добро едни кон други за да се превенира несоодветното и насилно однесување.

Стручната служба беше активно вклучена во воочување на различните видови на насилство. Постојаната соработка со родителите беше во насока на навремено идентификување на промените во однесувањето на учениците.

Психологот присуствуваше на сет работилници реализирани на 27.11.2023, 04.12.2023, 11.12.2023 година кои беа дел од обуката: „Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство“ од страна на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, а дефектолозите Катерина Доневска и Љубица Спасова на 11-12.04.2024 година присуствуваа на обуката: „Превенција на врсничко насилство во училишта - психосоцијална поддршка и работа со момчиња во криза“ организирана од ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Во периодот на месец декември 2023 година наставниот кадар во училиштето присуствуваше на обуката „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата“ реализиран од страна на БРО и CES ACADEMY.

Во текот на целата учебна година, беа реализирани едукативни предавања од страна на наставниците и стручните соработници, родителски средби и состаноци на Совет на родители со цел градење на позитивни релации помеѓу учениците а воедно и зајакнување и унапредување на релацијата наставник – родител – ученик – стручна служба.

Во ученичкиот дом и училиштето оваа учебна година беа реализирани активностите кои беа предвидени со **програмата „Мировно образование“** која има за цел промовирање на мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем.

Во текот на учебната 2023/2024 год. се реализираа следните активности:

- На 21.09.2023 година - по повод 21 Септември, кој е посветен на мирот во светот без војни и насилство се изработија транспаренти и цртежи од страна на учениците членови на секцијата „Современи општествени конфликти“. Во соработка со литературно-рецитаторската секција се прочитаа и песни и стихотворби посветени на мирот, а во училишниот двор се пуштија и 50 бели балони.

- На 20.11.2023 година – одбележан 20 Ноември – Светски ден на детето кој има за цел да го сврти вниманието во опшеството и институциите кои имаат обрски кон децата. За таа цел учениците ја прочитаа Декларацијата за правата на детето во која се нагласува дека сите деца имаат право. Учениците изработија и паноа на кои ги закачија дел од пораките кои произлегуваат од Конвенцијата на правата на децата. Во реализацијата на активностите се вклучија и учениците членови на секцијата „Современи опшествени конфликти“

Во текот на учебната година во одвоени часови и кратки работилници се разговараше за останатите теми од програмата: конфликт, конфликни ситуации, надминување и решавање на конфликтите ситуации, насилничко однесување и девиации, дискриминација и неправда и булинг.

- **Слободни ученички активности на дисперзираните паралелки во Битола**

Во текот на учебната 2023/2024 година наставниците и учениците во дисперзираните паралелки во Битола реализираа неколку активности по разни поводи:

- 17.10.2023 година - предавање за значењето на здравата храна. На учениците им беа поделени флаери за да им се покаже дека и здравото е вкусно и да им се овозможи да се запознаат со еден интересен дел од производи кои би можеле да бидат ужинка или здрав оброк.
- 30.10.2023 година - изложба со есенски мотиви, организирана од нашите ученици со цел тие да ги истакнат своите креативни и творечки способности, а воедно и да се чуствуваат расположено, исполнето, среќно и едукативно да ги поттикне учениците да размислуваат за културниот начин на живеење
- 27.12.2023 година - Новогодишна изложба на графички производи, едукативно ги поттикна учениците да размислуваат, а воедно и практично да го видат и да учествуваат во текот на целиот процес на одвивање на активностите и при тоа самите да увидат како и на кој начин може да ги користат нивните работни вештини стекнати на часовите по практична настава во понатамошниот нивен животен пат
- 27.12.2023 година – Новогодишна забава, дружење и создавање на пријателства, доделување на новогодишни пакетчиња на нашите ученици од учениците од ДСУ Спортска Академија - Скопје дисперзирана паралелка за фудбал Битола и Фудбалската Школа ЛГ Битола и BOOK’S HOUSE книжарница, а храната која беше приготвена се спакува и се донира на социјално загрозените семејства на дел од нашите ученици
- 01.04.2024 година - Маскенбал по повод Денот на шегата - Први април

- 13.05.2024 година - Изложба на фотографиите со пролетни мотиви, едукативно ги поттикна учениците да размислуваат за културниот начин на живеење и укажа на можноста дека од природата може да се создаваат прекрасни уметнички дела

**- Екскурзии во училиштето**

Во оваа учебна година есенската полудневна екскурзија беше реализирана на падините на планината Водно на почетокот на месец октомври, а пролетната полудневна ексурзија беше реализирана во СРЦ Сарај во месец мај.

**- Унапредување на здравјето на учениците**

Грижата за здравјето на учениците се реализираше преку различни активности. Учениците континуирано се воспитуваа да го унапредат квалитетот на сопственото живеење и одржување на личната и општата хигиена.

На 26.10.2023 година психологот со двајца ученици присуствуваа на презентација на наодите од меѓународната ХБСЦ студија - Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 години) во Република Северна Македонија.

На класните часови беа водени разговори од областа на здравствената заштита, адолесценција – период на развој на личноста, превенција од заразни заболувања, одржување на хигиена, алхохолот, пушењето и дрогата – пороци на кои треба да се спротиставиме, болести на модерното време и нивно превенирање, сида (етиологија и превенција) и разговори за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците. Наставно – воспитниот кадар постојано укажуваше на потребата од одржување и подобрување на личната хигиена и хигиената во секојдневното опкружување.

Во текот на учебната година тимот за грижа за здравјето на учениците реализираше едукативни активности со цел здрава храна и правилна исхрана. На учениците им се укажуваше за штетното влијание од алкохолот, тутунот и дрогата.

Во текот на учебната година на учениците им беа споделени материјали за Заштита од вируси и Лична хигиена.

Навремено беше извршена дезинфекција во училиштето и Ученичкиот дом.

- **Следење на безбедноста на учениците**

Во училиштето континуирано се води грижа за безбедноста на учениците и вработените преку изготвен план за следење на безбедност на учениците.

- Во текот на првото и второто полугодие извршено е тестирање и потврдена е исправноста на ѕвоното – аларм за евакуација.
- Во училиштето има обележани места, собирни пунктови за безбеден престој за време на непогода, ПП апарати и шема за евакуација. ПП апаратите се во функционална состојба. Нефункционалните ПП апарати се заменети со нови и се врши проверка и редовен сервис.
- Во текот на учебната 2023/2024 година во училиштето се реализираа работилници, едукативни предавања и се изведуваа симулативни вежби за евакуација во случај на земјотрес и пожар.
- На 26.10.2023 година тимот за заштита и спасување при елементарни непогоди во просториите на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје реализираше предавање (работилница) на тема „Правила за евакуација и опасности од елементарни непогоди“. Предавањето го следеа учениците од училиштето преку Power point презентација,. Целта на предавањето односно работилницата беше да се унапредат знаењата и вештините на учениците за безбеден престој во училиштето.
- На 27.11.2023 година во соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Центар беше организирана и реализирана работилница на тема „Презентација и вежбовна активност за прва медицинска помош“. Активностите ги реализираа активистите и волонтерите од Црвен Крст на општина Центар. Учениците беа запознаени со постапките за пружање на прва медицинска помош. Тие активно учествуваа во работилницата, а целта на активноста беше да се стекнат основни знаења за прва помош.
- На 13.12.2023 година се одржа симулативна вежба за евакуација во случај на земјотрес.
- На 28.03.2024 година се одржа симулативна вежба за евакуација во случај на пожар.

Симулативните вежби се одржаа со претходна најава за евакуација на сите ученици, родители, наставници, воспитувачи и вработени од училиштето. Учесниците во вежбите се движеа по обележаните места (стрелки/насоки) за излез од училиштето. Целта на вежбите беше запознавање на учениците и вработените со сигналот на опасност и со начинот на евакуација.

- **Правила на работење и однесување во училиштето**

Наставно-воспитниот кадар и вработените во училиштето ги почитуваа основните норми и начела на однесување за време на наставата. Се почитуваше Кодексот на однесување за учениците, за родителите, за колегите и останатите вработени.

Учениците се воспитуваа, од страна на наставно-воспитниот кадар и останатите вработени, да го почитуваат Кодексот на однесување за ученици.

## IV. СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

### 4.1. Професионален развој на наставно-воспитниот кадар

Училиштето има програма за професионален развој на наставно-воспитниот кадар за учебната 2023/2024 година.

Училишната програма за професионален развој има за цел да го надгради и подобри системот за професионален и кариерен развој на наставниците, воспитувачите и стручната служба и на тој начин да придонесе за поквалитетна воспитно-образовна работа на истите, со цел повисоки постигнувања на учениците во воспитно-образовните установи во Република Северна Македонија.

Во училиштето се реализира предвидениот процес на детекција на личните потреби за професионален развој, односно сите чинители на наставно- воспитниот процес изработуваат личен план за професионален развој и врз основа на личните планови за професионален развој, тим формиран од директорот врши селекција на приоритетните потреби и ги имплементира во Годишна програма за професионален развој на ниво на училиште.

Програмата за професионален развој на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје, е составена од пет компетенции:

- Користење едукативни активности кои го поттикнуваат когнитивниот, афективниот и психомоторниот развој на учениците
- Применување на новите сознанија од областа во наставниот процес
- Унапредување на вештините за реализирање на добри училишни практики со примена на современи и функционални ресурси
- Користење асистивна технологија во работата со учениците
- Подготвување документи (планови, процедури, насоки, препораки) за идентификување на образовните потреби на учениците и за обезбедување соодветна поддршка

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставничките компетенции.

Наставно-воспитниот кадар и стручната служба во учебната 2023/2024 година имаат посетено разни обуки за професионално усовршување:

**Сертификати**

- 01.11.2023 – „Understanding Motivation and Procrastination“ (Mindrspring – MENTAL HEALTH ALLIANCE)
- 11-12.11.2023 – „Современи трендови во психологијата“ – Конгрес на психолози (Комора на психолози на Р. Македонија)
- 27.11.2023 – „Training Course for Promoting Intercultural Dialogue Online Among Youth“ – Еразмус + проект „FREE TO BE“ (GAYCS)
- 12.12.2023 – „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата“ (БРО, CES ACADEMY)
- 11.04.2024 – Webinar on Neuropsychology & Neuroscience: From Clinical Practice to Science and Back (Psychology Department of CITY College, University of Europe Campus)
- 03-05.06.2024 – International Scientific Conference „New Horizons in Psychological Science and Practice“, 50th Anniversary of the Institute of Psychology (Институт за психологија – Филозофски факултет, УКИМ „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје)
- 14.06.2024 – Завршен настан за презентација на Еразмус+ проектот: „Поддршка на инклузивната училишна средина преку најдобри практики на ко-наставата и ресурсните центри“ (Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, European Union)
- 27.06.2024 – National workshop, aimed at professionals who work with young people, focusing on promoting HANDBOOK for mental health, Еразмус+ проект Hold On – Fostering access to mental health support for young people (Family and childcare Center - KMOP, Skopje)
- 18.08.2024 - Обука на тема: „Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ - SELFIEforTEACHERS, алатка за самооценување базирана на Европската рамка за дигитална компетенција на едукаторите (European Commission, Gopa Worldwide Consultants GmbH)

**Потврди**

- 01.12.2023 – „Активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција“

(ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје)

- 27.11.2023, 04.12.2023, 11.12.2023 – „Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство“ (Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство)
- 21.02.2024 – Трибина „Јазици без граници“ – одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик (ИМЈ „Крсте Петков Мисирков“ – Скопје)
- 17.04.2024 - „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“ настан од арт секција (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)

**Благодарници**

- Септември – декември, 2023 – „Зелена инклузивност“ – Проект на Црвен Крст на Р. Северна Македонија – Општинска организација Центар
- 20.06.2024 – „3.Фестивал на инклузија“ – општествен и интеграциски културен настан (Здружение на граѓани за активно вклучување и соодветен третман на лицата со попреченост „Икуалити“, Здружение за едукативни и хуманитарни активности „Визија плус“ и Општина Кисела Вода - Скопје)

До моментот на поднесување на овој извештај се посетени и следниве обуки но за истите не се добиени сертификати:

1. 11-12.04.2024 – Обука на тема: „Превенција на врсничко насилство во училишта - психосоцијална поддршка и работа со момчиња во криза“ (ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување)
2. 15.08.2024 – Обука на тема: „Вештините за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците, врз основа на најдобрите практики на ЕУ“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ (Gopa Worldwide Consultants GmbH)
3. 15-16.08.2024 – Обука на тема: „Инклузивна педагогија“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ (Gopa Worldwide Consultants GmbH)

Увид во состојбата и потребите за стручно усовршување на кадарот има директорот на училиштето. Во училиштето уредно се водат досиеја за професионален развој во кои се евидентираат сите, серитфикати, дипломи, благодарници и потврди, истите редовно се ажурираат. Училиштето нема стратегија и план за дисеминација на знаењето од

посетени обуки и семинари за професионално усовршување.

## 4.2. Следење на работата на наставно-воспитниот кадар и стручната служба

Следењето и вреднувањето на работата на наставно-воспитниот кадар и стручната служба беше организиран процес кој се реализираше низ работата на Советот на паралелките и Наставничкиот совет, со водење на педагошка евиденција и документација и со увид во воспитно-образовната работа од страна на директорот и помошник-директорот на училиштето.

Воспитно-образовната работа се следеше низ разни форми и активности:

- Посета на наставни часови по теоретска и практична настава
- Проверка на педагошката евиденција и документација
- Следење на воннаставните активности
- Извештаи за работата од членовите на стручната служба
- Менторирање на наставниците-почетници, при организирање и изведување на воспитно-образовната работа

Освен интерното следење, наставно-воспитната работа во училиштето беше оценувана и од страна на Државниот просветен инспекторат.

Врз основа на овие увиди беше констатирано дека наставниците, воспитувачите и стручната служба, стручно и одговорно ги реализираа своите работни задачи, поврзани со воспитно-образовниот процес во училиштето и ученичкиот дом.

## 4.3. Следење и вреднување на постигнувањата на учениците

Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците се спроведуваше во текот на целата учебна година. Редовноста и објективноста во оценувањето ја следеа раководителите на паралелките, предметните наставници, стручната служба, директорот и помошник-директорот на училиштето.

Во училиштето се изготвија извештаи и анализи за постигнувањата на учениците (успех, поведение и изостаноци) според класификациони периоди (тримесечја) и Полугодишен извештај, во кој се содржани анализи по паралелки, предмети, години и наставници. Годишниот извештај исто така содржи анализи за постигнувањата на учениците на годишно ниво, како и споредбени анализи за последните четири учебни години (успех, поведение и изостаноци) по пол и етничка припадност. Се евидентираше и осипувањето на учениците на крајот на секое тримесечје

од учебната година и истото е резимирано во Годишниот извештај.

Наставниот кадар го користеше пофалувањето и наградувањето на учениците како начин на мотивирање за постигнување на подобри резултати.

Постигнувањата на учениците во текот на годината се евидентираа во Евидентен лист за успехот на ученикот.

## 4.4. Стручни тела во училиштето

**- Совет на годините**

Работата на советот на годините беше насочен кон разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците на тримесечјата, полугодието и крајот на учебната година.

На советите на годините се договараше за педагошкиот пристап на наставно-воспитниот кадар и стручната служба со учениците со проблеми во учењето и дисциплината и се предлагаа за пофалба или награда, учениците кои се издвојуваа со позабележителни постигнувања.

**- Наставнички совет**

Наставничкиот совет беше витален и функционален сегмент од работата на училиштето.

Во текот на учебната 2023/2024 година беа одржани 9 состаноци на Наставничкиот совет на кои свој придонес дадоа наставниците, стручната служба, воспитувачите, секретарот и директорот на училиштето.

Прашањата разгледувани на седниците на Наставничкиот совет произлегуваа од потребата на училиштето да реализира современа наставно-воспитна работа и од компетенциите на истиот да решава за стратешките и развојните цели на училиштето, како воспитно- образовна установа за ученици со посебни образовни потреби.

Во текот на 2023/2024 учебна година, Советот ги реализираше следните активности:

- Ги разгледуваше и ги утврдуваше успехот, редовноста и поведението на учениците на секое тримесечје и на крајот на учебната година
- Преземаше мерки за подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците на секое тримесечје и на крајот на учебната година
- Договараше примена на методи за работа со ученици кои имаат потреба од тимска работа, на релација ученик-родител-наставник-воспитувач-психолог-дефектолог-социјален работник
- Дискутираше на теми и предавања од стручни советувања и семинари
- Ги разгледуваше записниците од инспекциските надзори

- Даваше информации за работата на еко-одборот
- Избираше членови за Училиштен одбор
- Предлагаше наставници - ментори на наставниците – приправници
- Даваше мислење за наставниците - приправници за полагање на стручен испит
- Информираше за реализација на проекти и други активности
- Го разгледуваше Извештајот за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година
- Ја разгледуваше Годишната програма за наставно-воспитната работа за учебната 2024/2025 година
- Вршеше упис на ученици во прва година и нивна распределба по струки и занимања
- Ги разгледуваше поднесените молби од ученици и родители
- Ги распределуваше работните обврски, часови, класни раководства

## V. СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТЕТО

### 5.1. Соработка со семејството

Во периодот на учебната 2023/2024 година училиштето работеше транспарентно и отворено кон родителите. Беше остварена соработка со родителите и нивно активно вклучување во сите форми на делување во училиштето (родителски средби, Совет на родители, Училиштен одбор, Еко одбор). Родителите дадоа свој придонес во вонннаставни активности (секции, културни, јавни и забавни активности), настан под мотото „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“, креативни работилници (Базари), МИО активности, Првоаприлски маскенбал и Патронен празник. Во текот на учебната година се реализираа индивидуални и групни советувања и консултации со родителите, зависно од потребите на учениците и родителите.

Во периодот на учебната 2023/2024 година беа реализирани следниве работилници:

1. **„Новогодишни честитки и лампиони со позитивни пораки и желби“** реализирана креативна работилница за родители и ученици на ден 12.12.2023 година од страна на членовите на стручната служба со цел поттикнување на родителите за соработка со учениците, наставниците и стручната служба, поттикнување и изразување на креативноста на учениците и родителите и социјализација на учениците преку изработка на новогодишни честитки и лампиони.

2. **„Стрес и техники за справување со стрес“** реализирана прва психолошка работилница за родители на ден 25.04.2024 година од страна на психологот Магдалена Дунимаглоска во соработка со останатите членови на стручната служба со цел грижа и унапредување на менталното здравје на родителите преку соодветно управување на стресот, со помош на техники и стратегии затоа што свесни и релаксирани родители се способни да ги задоволат сопствените ментални и физички потреби но и потребите на нивните деца.

Родителите позитивно реагираа на работилниците и активно се вклучуваа во процесот на реализација како и во давањето на предлози за следните работилници. Спроведените работилници придонесоа за градење на доверба кај родителите за посветеноста и професионалноста на стручните соработници како поддржувачи и унапредувачи на воспитно – образовниот процес и се разви меѓусебната соработка на родителите. Секоја спроведена активност која беше реализирана со цел унапредување на соработката со родителите е документирана.

## 5.2. Надворешна соработка

Соработката што ја оствaруваше училиштето со надворешните институции и партнери беше на високо професионално ниво.

Училиштето соработуваше со:

- Сите нивоа на образованието (МОН, БРО, Центарот за стручно образование и обука), сите допирни министерства (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура), институции од обласа на социјалната заштита (Фондот на ПИОМ)
- Беше воспоставена соработка со одредени претпријатија во градот кои располагаат со современа технологија и беа отворени за прифаќање, едукација и вработување на наши ученици по завршување на школувањето
- Со редовните основни и средни училишта и ОУРЦ: ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ - Скопје, ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Скопје, ДСУ за рехабилитација и образование „Искра“ - Штип, СУГС „Орце Николов“ - Скопје , СУГС „Цветан Димов“ - Скопје, СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје, СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“ – Скопје, ОУРЦ „Иднина“ – Скопје, ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје, ОУРЦ „Маца Овчарова“ – Велес, ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп, ООУ „Владо Тасевски“ - Скопје, ООУ „Кузман Шапкарев“ - Скопје, ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ - Скопје, ООУ „Ванчо Прке“ - Штип, ООУ „Андреја Савески

Ќиќиш“ - Тетово, ООУ „Лирија“ - Тетово, ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово, ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ООУ „Димитар Македонски“ – Скопје, ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје, ООУ „Христо Узунов“ – Охрид, ООУ „Никола Карев“ – Крушево, и со повеќе ученички домови

- Со Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет – Скопје, Фондацијата „Професор Д-р Љупчо Ајдински“, Факултетот за физичка култура, Универзитетот во Тетово, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков’ при Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ – Скопје.
- Институции од областа на здравствената заштита: ЈЗУ „Здравствен дом на Скопје“, Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ - Скопје, Школски диспанзер - Здравствен дом Скопје, Оддел за детска и адолесцентна психијатрија при ЈЗУ Универзитетска Клиника за психијатрија - Скопје.
- Со локалната заедница: Општина Центар, Град Скопје, Полициска станица - Општина Центар, Одделот за малолетничка деликвенција при МВР - Скопје, ЈП „Паркови и зеленило“, ЈСП „Скопје”.
- Со институции од областа на културата: Министерство за култура, Драмски театар и Театар комедија, Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, „Национална галерија на Македонија“, Национална установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола и НУ „Завод и музеј“ - Битола.
- Со институции од областа на спортот: ФФМ - Фудбалска федерација на Македонија и ФУСМАК - Федерација на училишен спорт на Македонија - организатор на спортски натпревари за ученици со посебни потреби.
- Беше воспоставена и продлабочена соработката со низа невладини организации, здруженија и компании: „Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Центар“, УСАИД, Организацијата за промоција на асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, НВО „Ајде Македонија“, , „Пакомак“ - Скопје, „Еко стар рециклажа“, „Грин тех МК“, Ротари клуб Скопје Вест, НВО ЦМА „Крик“ - Скопје, танцов клуб „Еурека“, гостилница Лира, PIX+, Pop photo MK, Фонд за иновации и технолошки развој, Прокредит Банка АД Скопје, Женски клуб Inner Wheel Skopje - Europea, Здружение на граѓани Ротари Клуб Скопје Центар, Sorsix INTERNATIONAL Skopje, ДМ Дрогерие Маркт Дооел – Скопје, Каза бар, Ротари клуб Центар, Лајонс клуб Светлина, Рептил маркети, Денис Јанкуловски – Космонаутко – активист и претседател на здружението „Аутизам ААМК“, „Икуалити“ и „Визија плус“.

Во текот на учебната 2023/2024 година беше потпишан меморандум за соработка со ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје и повторно со нов меморандум продолжи соработката со СУГС „Цветан Димов“ – Скопје. Продолжија и соработките со сите институции, здруженија на граѓани и НВО со кои училиштето во претходните години има потпишано меморандум за соработка.

Донации во учебната 2023/2024 година беа доделени од страна на:

- ДМ Дрогерие Маркт Дооел - Скопје - донираа 120.000 денари за набавка на 1 машина за перење на алишта, 2 електрични бојлери од 80л, нагледни средства и едукативни материјали и помагала за релаксација наменети за ученици со посебни образовни потреби и dm подарок пакет производи
- РОТАРИ КЛУБ СКОПЈЕ - ЦЕНТАР и ЛАЈОНС КЛУБ СВЕТЛИНА – донираа професионален миксер за тесто за поуспешно реализирање на практичната настава во угостителската струка
- Прокредит Банка АД Скопје – донираа ранци, училиштен прибор и опрема и изградија 2 соблекувални за потребите на Салата за спорт и спортски активности
- Фудбалска федерација на Македонија – фудбалска опрема и облека
- Ротари клуб Скопје Вест – донираа ваучер во вредност од 30000 денари со насока истите да се употребат за купување на техничка опрема за училиштето
- Болница "Аџибадем Систина" – донираа новогодишни пакетчиња за сите ученици во училиштето
- Женски клуб Inner Wheel Skopje - Europea - донираа два комплета за пинг понг во спортската сала (2 мрежи, 4 палки и 100 топчиња)
- Каза бар – донира финансиски средства за реализација на матурската прослава
- Црвен крст на Република Сверна Македонија – Општинска организација Центар - обезбеди 11 сандачиња со материјали по Прва помош
- Рептил маркети – донација на прехрамбени производи
- Борче - Dream travel и Сања - Ideal travel - несебична поддршка и хуманост
- „Алкалоид“ - Скопје, „С-Маркет“ – Скопје, „С Б В Компани Беќир ДООЕЛ“ - Скопје, „Лола текс ДООЕЛ“ – Виница – донираа спортски

ранци, храна, влечки и средства за лична хигиена
- Sorsix INTERNATIONAL Skopje – донираа електрично пијано
- Семејство Станковиќ – донираа патики на нашите ученици за реализација на наставата по спорт и спортски активности
- Бутик Енџел, Студио за професионална шминка ELENI MAKEUP и фризерски салон Јана – се погрижија за изгледот и шминката на дел од ученичките кои беа на Матурска прослава
- Танцов клуб „Еурека" - Скопје - Едукативни друштвени игри за учениците во училиштето и ученичкиот дом

## VI. УЧИЛИШТЕН МАРКЕТИНГ

Маркетингот беше составен дел од развојната политика на училиштето. Се реализираше во функција на уписната стратегија на училиштето, преку однапред испланирани активности, во кои беа вклучени сите компетентни лица од училиштето и надвор од него. За организациската поставеност на училиштето, застапеноста на струките и занимањата и условите за упис, беа остварени контакти и соработка со центрите за социјална работа и беа посетени посебните и редовните основни училишта со цел потранспарентно информирање за условите кои ги нуди училиштето, во насока на поттикнување и зголемување на интересот на учениците за продолжување на школувањето.

Power Point презентација со цел по транспарентно информирање за условите кои ги нуди училиштето, во насока на поттикнување и зголемување на интересот на учениците за продолжување на образованието. За таа цел во училиштето беа реализирани „Отворени денови" во мај (22 и 23) во учебната 2023/2024 година.

Една од приоритетните стратешки цели во раководната политика беше промоција на училиштето во пошироката средина. Во таа насока беа реализирани повеќе активности:
- 17.10.2023 година – дисеминациски сесии за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина од проектот „Зелена инкузивност" на ООЦК Центар. Објава на: https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/pfbid033Kj8AMUqKKtCPAFmRa6wqXvLk9LS5G695MyZNhcY69zGeSYn9NyyEjzk6ekb9B4Vl
- 30.10.2023 година – прв циклус на обуки од проектот „Зелена инкузивност" ООЦК Центар. Објава на: https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/pfbid0jWP7Xw5UWxz2pohBSP3hXgJvyRNwVuCDKqortEBA18x3Chgp7bUFGnVG74EF1BHKl

- 10.11.2023 година – втор циклус на обуки од проектот „Зелена инкузивност“ на ООЦК Центар. Објава на:
https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/pfbid02ndZShheKQkrY1
RNcojvLEADd4fwHghbP61xnErUN4LMWtmuvWWDgHpc3kBUjvpVhl
- 23.11.2023 година – трет циклус обуки од проектот „Зелена инклузивност“ на ООЦК Центар. Објава на:
https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/pfbid0EVfwqzUvMidPZeb
3PyhWjuELeJSAnv2Af5d81BUogFja7GoeAmSEkpGHnqvQoWAvl
- 27.11.2023 година – во рамки на кампањата на Црвен крст на Република Северна Македонија “Првата помош-Спасува живот“, беше реализирана обука по прва помош за учениците од ДСУ за рехабилитација и образование ‘„Св.Наум Охридски“ - Скопје. Објава на:
https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/pfbid021SJL4W8pXQa6x
u7uec5C67we7rjjoWfYp8mVacX2rscvGu9xikjdFfEaZWAeBvw5l
- 29.11.2023 година – Matthias Fuhrem, австриски новинар објави статија на sportbusiness.at за активностите на УСК и лицата со попреченост од областа на фудбалот. Во прилог е објавата:
https://l.facebook.com/l.php?u=https%3A%2F%2Fwww.sportsbusiness.at
%2Fvor-ort-in-nordmazedonien-der-fussball-als-wichtigste-nebensache-
und-ethnische-konflikte-im-abseits-
exklusiv%2F%3Ffbclid%3DIwZXh0bgNhZW0CMTAAAR10JfT1isA4znF1V
H3QrkfcZ2s1PQ6RZA7jG2C6goP6qSv7-ki8GZxJS-
4_aem_QVCUZ5kLDD2YjfPxOh47Ww&h=AT2gnxBwgpXMNlo_9BLH05R
bungZCYevgJbhwMjtKDFxGFAnvvI4pz_-7pbEvFKOxuS0S-g3f-
t21My_0nIw6evtXvK2xOcjVBo4rjaZpKDZOCfCj2NpQeGLp1AQxasvQA&_
_tn__=-UK-
R&c[0]=AT05FmInjQNm1Bkq6txqDRLaXPCctoNXvMOpYibxsepddSgI1H
QYXKmT-hCHtkyYy_uo8WOyHnFvAaMv5Li2SYFMZmW1U_sovR-JOt3-
xPf3noy0RGziMSNsT5kbUTu1TqaPEpF4l6kTn1vrStf1g6K8-swlPXej6LB-
fhLvD6tXIAaUEa68rBBVG0Qkgfe0MmyDeRMI8hU7mhUR2fIJmCbjkjmda
HD9oCBg
- 05.12.2023 година – завршна работилница од проектот „Зелена инкузивност“ на ООЦК Центар. Објава на:
https://www.facebook.com/crvenkrstcentar/posts/750630853763132?ref=e
mbed_post
- 14.12.2023 година – евалуациска средба од проектот „Зелена инкузивност“ на ООЦК Центар реализирана со учениците од ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје. Објава на:
https://www.crvenkrst-centar.org.mk/evaluacija-na-steknatite-
veshtini/?fbclid=IwY2xjawEXGTdleHRuA2FlbQIxMAABHSIa8y4mWI_XqJ

Ve8c0kU-jkUfEEiZan5fbTTeXJ1MRmT-zIeTYRFCsY5g_aem_sgHK-QUyPDBKnPnUvE4cjw

- 21.12.2024 година - Ротари клуб Скопје Вест придонесоа заедно да покажеме дека можеме и повеќе и подобро. Објава на: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=pfbid02eZ3nUFqAhxHT9ifiL7QyjVeujUy1idmjEx1aXYPJfjgA6mvvXiTybB9efJWp92hcl&id=100070205342323
- 22.12.2024 година – присуство на заменик министерот за образование и наука Агим Нухиу на Патрониот празник на нашето училиште. Објава на: https://www.facebook.com/agimnuhiu/posts/pfbid02aA3Td2XQxrNTbmfETPXHbKrsVynriqKh6L7Q8sfMYpcLvwZCgMmtqc5Zjt1K4EMnl
- 22.12.2023 година – учество во поткаст за спортскиот клуб на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје“ (клуб кој ја доби Наградата за младинско учество во категоријата неформални групи на млади). Објави на: https://www.facebook.com/MOFedu/posts/pfbid02t72vWrfABZ9QfLE3eE7HxPKxbc9fE3L52BkwuWFAYRN7Ex997UTcRZvGHvbbfjRtl?__cft__[0]=AZXMtjIr65jVFFuwGyyxGUrqX82LuzyV31L_ytBx_GUe-I7e89JXdnS3f3C5Qj3SgSbiWNU9muz6uaoO_YWGkC-1rcrEOHrV_74DqA-f96mMfKsnzlpEz-9TcqY0yYPtmm6BWwtO5fr0tdkQp8_bPtdKp2fcFVXC-LMD6lzGjFk40on22CxCFD5A517_TWQXD7eyrZb2vik5OzHSLnGS0D9B&__tn__=-UK-R

  https://www.youtube.com/watch?v=DZrQePfkw2w
- 16.02.2024 година - изработка на здрави канапеи со учениците емитувано на Радио Слободна Европа на Македонски. Објава на: https://www.facebook.com/watch/?v=771467558209814&extid=CL-UNK-UNK-UNK-AN_GK0T-GK1C&ref=sharing&mibextid=Nif5oz
- 21.02.2024 година – учество со рецитали на настанот „Јазици без граници“ по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, од страна на Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Објава на: https://www.youtube.com/watch?v=PTWd0Q--0m8
- 26.03.2024 година - учество во Инклузивниот проект на Национална галерија на Македонија, по повод Меѓународниот ден на аутизмот. Објава на: https://www.facebook.com/Nacionalna.galerija.na.Makedonija/posts/pfbid028r3KxmNspMez9q5eLYr8eoVUMKeA6VHu4rhsAvQ2Wnw3ihq1KTcYGjLpLv5isJfuI?__cft__[0]=AZU3daLAufll_KUqPkkaWUYdsbA87xJsuJopTjEFZ

r31svwW1sAskNtaR4ptN5UhJnZAyDZ0Hkf-S3SUUl0nGj0HPQgmKTWfYurJ2GFGR0rfhoW-EeN0zSumAsUwArNEP4oZK1c_lFNMjyA-glBPUwuz0EgD7dOgVamjmD9m_f-8CWePkvhmNMoyHO9P1moHQ4D7Cgg_wcSOihki-ppMNTuHfumprLs-JBUKygHD7HjuXXqP-nRQkeEZqYI-fuTM8TovEgqlGDKtmcj-MqzbfS2G&__tn__=-UK-R

- 27.03.2024 година - Ученици со попреченост тренираат фудбал и вежбаат фитнес. Објава на: https://www.youtube.com/watch?v=AAOPEZBOLGI
- 18.05.2024 година - Прифаќање на различностите и зголемување на инклузијата. Објава на: https://www.youtube.com/watch?si=GsYR1IBV_ooq27ck&fbclid=IwY2xjawEV8i9leHRuA2FlbQIxMAABHcqXtFTihmtJSkYKrl-GVISpexhGctWcY61JKbQD-Qf0z4MM7jlw3DAnJw_aem_9wGyyJBAXUyE0nrqLIgTDw&v=Ds7GoWpFC2I&feature=youtu.be
- 06.06.2024 година - за време на Фудбалскиот летен камп во работна посета беше екипата од МРТ и ја снимија емисијата ,,Петтиот ангел" посветен на овој настан. Објава на: https://www.instagram.com/reel/C736M3lCNJ-/?igsh=MTBhdmNyNWhjamViMQ%3D%3D&fbclid=IwY2xjawEV7I9leHRuA2FlbQIxMAABHc6H1Nl1LoQS9V2shfz97dHfTpOkCtpxWpE4BBtP9Si1ht9HdzLqP9pOCg_aem_3vsrCyfefzpPtNc6LFXp-A

